# - ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП -

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА 31 ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА

## Содржина

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР 1

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА ЗАВРШЕНА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА 6

БЕЛЕШКИ 11

## Додатоци

Додаток 1 – Законска обврска за составување на Годишна сметка и Годишен извештај за работењето

Додаток 2 – Годишна сметка (Извештај за финансиска состојба и Извештај за сеопфатна добивка)

Додаток 3 – Годишен извештај за работењето

Пелагониска Ревизорска Куќа

ул. „Прилепски бранители“ бр. 16 – 4, втор кат, 7500, Прилеп
Република Северна Македонија
П. фах: 256
телефон/факс: +38948 413-856
моб.:070/208-138
web: http://www.perk.com.mk
e-mail: perk@perk.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До: Акционерите на Тутунски Комбинат АД Прилеп

ул. „Прилепски Бранители“ бр.85

Прилеп

## Извештај за ревизија на финансиските извештаи

## Мислење со резерва

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на друштвото Тутунски Комбинат АД Прилеп (во понатамошниот текст: „Друштвото“), коишто ги вклучуваат извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2025 година, извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во главнината, извештајот за паричните текови за годината која завршува тогаш како и преглед на белешки кон финансиските извештаи, вклучително и на информациите за значајните сметководствени политики.

Според нашето мислење со исклучок на ефектот од прашањето опишано во делот основа за мислење со резерва од нашиот извештај, приложените финансиски извештаи објективно ја презентираат во сите материјални аспекти финансиската состојба на Тутунски Комбинат АД Прилеп на 31 декември 2025 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија.

## Основа за мислење со резерва

Како што е наведено во Белешка 30 – залихи, приложена кон финансиските извештаи на Друштвото, истото, на 31 декември 2025 година има евидентирано залихи во вкупен износ од 1.126.110 илјади денари од кои на залихи на резервни делови отпаѓа износот од 104.330 илјади денари. Најголем дел од овие залихи се однесуваат на резервни делови за машини и постројки кои повеќе не се во употреба, така што согласно спроведените ревизорски постапки е констатирано дека истите се застарени и неупотребливи. Друштвото нема спроведено соодветни постапки за проценка на вредноста на овие залихи согласно МСС 2 и истите да ги евидентира по пониската од набавната односно од нето реализационата вредност. Поради погоре наведеното како и поради природата и специфичноста на овие залихи ние не бевме во можност да го квантифицираме износот на нивното оштетување кое има влијание врз финансиските извештаи на Друштвото.

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот „Одговорности на ревизорот за ревизија на финансиските извештаи“ од овој извештај. Ние сме независни од Друштвото во согласност со Меѓународниот кодекс на етика на професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност), Кодексот на ОМСЕС на Меѓународниот одбор на стандарди за етика на сметководители кои се во примена во Република Северна Македонија, заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиските извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС кој е во примена во Република Северна Македонија. Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за наше мислење со резерва.

## Материјална неизвесност поврзана со континуитет

Без да го модифицираме нашето мислење, ние обрнуваме внимание на Белешка 2.1.1 - Претпоставка за неограничен континуитет во работењето на Друштвото во која се укажува дека финансиските извештаи на Друштвото со состојба на 31 декември 2025 година се подготвени врз претпоставката за неограничен континуитет во работењето.

Во април 2014 година е склучен договор за стратешко партнерство со компанијата, во кој договор се прецизира стратегијата на работење и развојот на Тутунски Комбинат АД Прилеп. Во текот на 2014 година Друштвото склучи Договор за заедничко вложување со Philip Morris International Management SA, Lausanne, Switzerland, при што беше формирано ново заедничко друштво под името Филип Морис Тутунски Комбинат Прилеп ДОО Скопје. Дејноста на ова друштво е трговија на големо со производи од тутун. Ова друштво е ексклузивен носител на лиценцните права и на правата за користење и организирање на производството и дистрибуцијата на тутунски производи со брендови на двете друштва. Менаџментот на Друштвото очекува дека ова стратешко партнерство ќе обезбеди долгорочна одржливост на производство на тутунски преработки.

Погоре склучениот Договор е со рок на важност од 10 години и истиот автоматски се продолжува за последователен едногодишен период, освен ако е поништен од страна на содружник со најмалку 6 месечно претходно дадено известување, согласно член 11 од истиот.

Менаџментот оценува дека принципот на неограничен континуитет во работењето на Друштвото применет при подготовка на овие финансиски извештаи е соодветен, особено поради фактот што склучениот договор со Филип Морис за деловно – техничка соработка, континуирано производство и продажба на цигари преку системот на лон – производство се почитува а се остварува преку заеднички основаното друштвото Филип Морис Тутунски Комбинат Прилеп ДОО Скопје. Овие настани и околности укажуваат на постоење на материјална неизвесност која може да предизвика значителен сомнеж во способноста на Друштвото да продолжи со своето работење врз основа на принципот на неограничен континуитет.

Нашето мислење не е квалификувано во однос на ова прашање.

## Клучни ревизорски прашања

Клучни ревизорски прашања се оние прашања кои според нашето професионално расудување имале најголема значајност за нашата ревизија на финансиските извештаи во тековниот период. Овие прашања беа опфатени во контекст на нашата ревизија на финансиските извештаи како целина и во формирање на нашето ревизорско мислење и ние не даваме посебно мислење во однос на овие прашања. Дополнително на прашањето опишано во делот Материјална неизвесност поврзана со претпоставка за континуитет, ние утврдивме дека прашањето опишано подолу е клучно ревизорско прашање за кое треба да се комуницира во нашиот извештај.

| **Клучно ревизорско прашања** | **Како нашата ревизија го адресираше клучното ревизорско прашање** |
|---|---|
| Трансакции со поврзани страни<br><br>Друштвото остварува значителен дел од своите приходи преку трансакции со поврзани страни, особено со поврзаното друштво **ФМТКП**. Овие трансакции вклучуваат приходи од услуги за производство на цигари и филтер стапчиња, приходи од лиценцни надоместоци за користење на брендови, како и приходи од наем на магацински простор во вкупен износ од 209.441 илјади денари со положба на 31 декември 2025 година. Дополнително, Друштвото остварува приходи од продажба на тутун на стратешкиот партнер **Philip Morris International** во вкупен износ од 596.362 илјади денари.<br><br>Во делот на расходите, Друштвото има трансакции со поврзани страни кои се однесуваат на наем на опрема со варијабилен надомест | Нашите постапки вклучуваат меѓу другото:<br><br>• Разбирање на поврзаните страни преку добивање на информации за истите од страна на раководството,<br>• Преглед на склучени договори (лиценцарина, наем и сл.),<br>• Тестирање на примерок од трансакциі за усогласеност со договорни услови,<br>• Проверка на евиденцијата на трошоците и шкарт на репроматеријали и тутун,<br>• Аналитички постапки за проценка на значајноста на трансакциите со поврзани страни,<br>• Оценка на обелоденувањата согласно барањата на МСС 24 - Обелоденувања за поврзани страни, |

| | |
|---|---|
| согласно договор, како и трошоци поврзани со шкарт на репроматеријали и тутун во вкупен износ од 41.204 илјади денари со положба на 31 декември 2025 година.<br><br>Овие трансакции имаат материјално влијание врз финансиските извештаи и се базираат на специфични договорни односи. Поради нивната природа постои зголемен ризик како и можност за нецелосно или несоодветно обелоденување во финансиските извештаи.<br><br>Поради наведеното, ова прашање е определено како клучно ревизорско прашање.<br><br>Белешка 38 – Трансакции со поврзани страни | • Добивање потврди (конфирмации од поврзани страни). |

## Други информации освен финансиските извештаи и ревизорскиот извештај за нив

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации се однесуваат на годишниот извештај за работата и годишната сметка изготвени од раководството во согласност со ЗТД, но не ги вклучуваат финансиските извештаи и нашиот ревизорски извештај.

Нашето мислење за финансиските извештаи не се однесува на останатите информации и ние не изразуваме било каква форма на уверување за нив, освен и во обем кој е експлицитно наведен во извештајот за други правни и регулативни барања.

Во врска со нашата ревизија на финансиските извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме останатите информации и притоа да разгледаме дали останатите информации се материјално неконзистентни со финансиските извештаи или нашето знаење прибавено во текот на ревизијата или поинаку, произлегува дека е материјално погрешно. Ако, врз основа на нашата извршена работа ние заклучиме дека постои материјално погрешно прикажување на овие останати информации, ние треба да известиме за овој факт. Како што е опишано во делот „Основи за мислење со резерва“ погоре, ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази за евидентираните залихи во вкупен износ од 1.126.110 илјади денари од кои на залихи на резервни делови отпаѓа износот од 104.330 илјади денари. Најголем дел од овие залихи се однесуваат на резервни делови за машини и постројки кои повеќе не се во употреба, така што согласно спроведените ревизорски постапки е констатирано дека истите се застарени и неупотребливи. Поради погоре наведеното како и поради природата и специфичноста на овие залихи ние не бевме во можност да го квантифицираме износот на нивното оштетување кое има влијание врз финансиските извештаи на Друштвото.

## Одговорност на раководството и оние кои се задолжени за управување за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди применливи во Република Северна Македонија како и за интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измама или на грешка.

При подготвување на финансиските извештаи, раководството е одговорно за проценка на способноста на Друштвото да продолжи под претпоставката за континуитет, обелоденувајќи, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и користењето на сметководствена основа за континуитет, освен ако раководството или има намера да го ликвидира Друштвото или да го прекине работењето, или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа.

Оние кои се задолжени за управување се одговорни за надгледување на процесот на финансиско известување на Друштвото.

## Одговорност на ревизорот за ревизија на финансиските извештаи

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина не содржат материјално погрешни прикажувања, без разлика дали истите се резултат на измама или на грешка и да издадеме ревизорски извештај што го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не преставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија секогаш ќе открие материјално погрешни прикажувања кога тие постојат. Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или на грешка и се смета дека се материјални доколку, поединечно или во вкупен износ, разумно би се очекувало да влијаат на деловните одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 273/2024) применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешни прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или на грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешни прикажувања како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучува заговор, фалсификување, намерни пропусти и лажни заобиколувања на внатрешните контроли.
- Стекнавме разбирање за внатрешните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и со цел за изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на Друштвото.
- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања направени од страна на раководството.
- Донесуваме заклучок за соодветноста на применетата претпоставка за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значителен сомнеж во можност на Друштвото да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат Друштвото да престане да работи според претпоставката на континуитет.
- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи вклучувајќи ги обелоденувањата и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Ги известивме оние кои се задолжени за управувањето, меѓу другото, и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци на внатрешната контрола коишто ги идентификуваме во текот на ревизијата.

Ние исто така обезбедивме изјава за оние кои се задолжени за управувањето дека сме усогласени со релевантните етички барања во однос на независноста и комуницираме со нив за сите односи и други прашања за кои разумно може да се смета дека влијаат на нашата независност и, онаму каде што е применливо, за активностите преземени за елиминирање на заканите или за применетите заштитни мерки.

Од прашањата за кои е комуницирано со оние кои се задолжени за управувањето ние носиме заклучок за оние прашања кои се од најголемо значење за ревизијата на финансиските извештаи во тековниот период и поради тоа се сметаат за клучни ревизорски прашања. Ние ги опишуваме овие прашања во нашиот ревизорски извештај освен доколку законот или регулативата исклучува можност за јавна објава за прашањето или кога во екстремно ретки ситуации сме заклучиле дека за прашањето не треба да биде известено во нашиот извештај, поради негативни последици од кои разумно би се очекувало да ги надминат користите за јавниот интерес од таквото комуницирање.

## Извештај за други правни и регулативни барања

Како што е наведено во пасусот Други информации, Раководството на Друштвото е одговорно за изготвување на годишен извештај за работењето на Друштвото за 2025 година во согласност со член 240, член 352, член 384 и член 477 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004 ... 191/2025).

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/2010 ... 122/2021) е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај за работењето, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025, во согласност со МСР, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за ревизија.

Како што е наведено во Белешка 2.1 - Основ за подготовка на финансиските извештаи и Белешка 39 - Корекција на годишната сметка, неревидираната годишна сметка усвоена од страна на менаџментот беше поднесена до ЦРРСМ на ден 02.03.2026 година. После извршените корекции, новата корегирана завршна сметка на и за годината која завршува на 31 Декември 2025 година е усвоена со нова Одлука и дополнително ќе биде поднесени до ЦРРСМ.

Наше мислење е дека историските финансиски информации објавени во годишниот извештај за работењето на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025 година се конзистентни во сите материјални аспекти со информациите објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото вклучувајќи ги и прашањата во пасусот Основи за мислење со резерва со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025 година.

Прилеп, 17.04.2026

**Пелагониска Ревизорска Куќа**

**ДООЕЛ Прилеп**

Овластен ревизор — Теодора Оханесјан

Управител — Пецко Ристески

**Финансиски извештаи за годината завршена на 31 декември 2025 година
во согласност со барањата на
сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија
за Тутунски Комбинат АД Прилеп**

- **Извештај за сеопфатна добивка**
- **Извештај за финансиската состојба**
- **Извештај за промени во главнината**
- **Извештај за паричните текови**

Овие финансиски извештаи се усвоени од Одборот на директори на ден 17.04.2026 година со Одлука бр.02-813/2 и потпишани од генералниот извршен директор Александар Алексовски и од финансовиот директор Маја Бошкоска.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**
**на Тутунски Комбинат АД Прилеп**
**за годината која завршува на 31 декември 2025 година**

| | Белешки | 31 декември 2025 во (000) МКД | 31 декември 2024 во (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **Приходи од работењето** | | | |
| Приходи од продажба | 5 | 1.171.370 | 602.361 |
| Останати приходи | 6 | 15.492 | 9.162 |
| **Вкупно приходи од работењето** | | **1.186.862** | **611.523** |
| **Промена на вредноста на залихите на готовите производи и на недовршеното производство** | **7** | **4.910** | **1.062** |
| Капитализирано сопствено производство и услуги | | - | - |
| **Расходи од работењето** | | | |
| Трошоци за суровини и други материјали | 8 | 763.988 | 356.716 |
| Набавна вредност на продадени стоки | 9 | 10 | 192 |
| Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, | 10 | 19.405 | 14.771 |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 11 | 149.324 | 90.289 |
| Останати трошоци од работењето | 12 | 35.996 | 38.175 |
| Трошоци за вработените | 13 | 308.369 | 276.553 |
| Амортизација на материјални и нематеријални средства | 14 | 21.283 | 23.268 |
| Вредносно усогласување на нетековни/тековни средства | 15 | 10.882 | 10.195 |
| Резервирања за трошоци и ризици | | - | - |
| Останати расходи од работењето | 16 | 2 | 1.073 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **1.309.258** | **811.231** |
| Финансиски приходи | 17 | 573.534 | 404.406 |
| Финансиски расходи | 18 | 31.920 | 25.112 |
| **Удел во добивката/загуба на придружените друштва** | **19** | - | - |
| **Добивка/Загуба од редовното работење** | **20** | **424.127** | **180.648** |
| Нето добивка/загуба од прекинати работења | | - | - |
| **Добивка/Загуба пред оданочување** | **20** | **424.127** | **180.648** |
| Данок на добивка | 21 | 3.002 | - |
| Одложени даночни приходи/расходи | | - | - |
| **Нето добивка/загуба за деловната година** | **22** | **421.125** | **180.648** |
| Останата сеопфатна добивка | 23 | 2.043 | 4.420 |
| Останата сеопфатна загуба | | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка/загуба за годината** | **24** | **423.167** | **185.068** |
| Сеопфатна добивка/загуба којашто им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво | | - | - |
| Сеопфатна добивка/загуба којашто им припаѓа на неконтролираното учество | | - | - |
| Основна добивка/загуба по акција (денар по акција) | 25 | 153,59 | 65,89 |

**Тутунски Комбинат АД Прилеп**
Генерален извршен директор

Александар Алексовски

Финансиски директор

Маја Бошкоска

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
**на Тутунски Комбинат АД Прилеп**
**за годината која завршува на 31 декември 2025 година**

| | Белешки | 31 декември 2025 во (000) МКД | 31 декември 2024 во (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 26 | 1.493 | 4.423 |
| Материјални средства | 27 | 367.558 | 377.328 |
| Вложувања во недвижности | 28 | 2.083 | 3.074 |
| Долгорочни финансиски средства | 29 | 554.208 | 393.261 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **925.343** | **778.086** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 30 | 1.126.110 | 675.378 |
| Побарувања од поврзани друштва | | - | - |
| Побарувања од купувачи | 31 | 22.055 | 20.591 |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | 31 | 382 | 20 |
| Побарувања од државата по основ на даноци | | - | - |
| Побарувања од вработените | 31 | 113 | 139 |
| Останати краткорочни побарувања | | - | - |
| Краткорочни финансиски средства | | - | - |
| Парични средства и парични еквиваленти | 32 | 203.681 | 85.112 |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи | 31 | 117 | 1.015 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.352.458** | **782.255** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **2.277.801** | **1.560.341** |
| **ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Главнина и резерви** | 33 | | |
| Основна главнина | | 8.594.869 | 8.594.869 |
| Премии на емитирани акции | | 396.661 | 396.661 |
| Ревалоризациска резерва | | 69.020 | 66.978 |
| Резерви | | 335 | 335 |
| Акумулирана добивка | | - | - |
| Пренесена загуба | | (8.355.153) | (8.515.422) |
| Добивка за деловната година | | 421.125 | 180.648 |
| Загуба за деловната година | | - | - |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **1.126.857** | **724.069** |
| Долгорочни резервирања за ризици и трошоци | 34 | 1.088 | - |
| **Долгорочни обврски** | 35 | **79.685** | **115.742** |
| **Одложени даночни обврски** | | - | - |
| **Тековни обврски** | 36 | | |
| Краткорочни обврски спрема поврзани друштва | | 558 | 566 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 20.713 | 11.734 |
| Обврски за аванси, депозити и кауции | | - | - |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и надоместоци | | 9.803 | 7.925 |
| Обврски спрема вработените | | 24.661 | 18.766 |
| Тековни даночни обврски | | 3.948 | 2.254 |
| Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва | | - | - |
| Обврски по заеми и кредити | | 897.969 | 663.043 |
| Обврски по основ на учество во резултатот | | - | - |
| Останати финансиски обврски | | 89 | 88 |
| Останати краткорочни обврски | | 108.131 | 12.826 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди | | 4.298 | 3.328 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1.070.171** | **720.529** |
| **Вкупно обврски** | | **1.150.944** | **836.272** |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | **2.277.801** | **1.560.341** |

**Тутунски Комбинат АД Прилеп**
Генерален извршен директор

Александар Алексовски

Финансов директор

Маја Бошкоска

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА
### на Тутунски Комбинат АД Прилеп
### за годината која завршува на 31 декември 2025 година

| ОПИС | Основна главнина | Премии на емитирани акции | Ревалоризациска резерва | Резерви | Акумулирана добивка | Пренесена загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 31 декември 2024 година** | **8.594.869** | **396.661** | **66.978** | **335** | **180.648** | **(8.515.422)** | **724.069** |
| Уплати од сопственици | - | - | - | - | - | - | - |
| Исплати на сопственици | - | - | - | - | - | - | - |
| Откупени сопствени акции | - | - | - | - | - | - | - |
| Усогласување на резерви | - | - | 2.043 | - | - | - | 2.043 |
| Други усогласувања | - | - | - | - | (180.648) | 160.269 | (20.379) |
| Добивка за година | - | - | - | - | 421.125 | - | 421.125 |
| Загуба за година | - | - | - | - | - | - | - |
| Дивиденди | - | - | - | - | - | - | - |
| **Состојба на 31 декември 2025 година** | **8.594.869** | **396.661** | **69.020** | **335** | **421.125** | **(8.355.153)** | **1.126.857** |

| ОПИС | Основна главнина | Премии на емитирани акции | Ревалоризациска резерва | Резерви | Акумулирана добивка | Пренесена загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 31 декември 2023 година** | **8.594.869** | **396.661** | **62.558** | **335** | **164.864** | **(8.680.285)** | **539.001** |
| Уплати од сопственици | - | - | - | - | - | - | - |
| Исплати на сопственици | - | - | - | - | - | - | - |
| Откупени сопствени акции | - | - | - | - | - | - | - |
| Усогласување на резерви | - | - | 4.420 | - | - | - | 4.420 |
| Други усогласувања | - | - | - | - | (164.864) | 164.864 | - |
| Добивка за година | - | - | - | - | 180.648 | - | 180.648 |
| Загуба за година | - | - | - | - | - | - | - |
| Дивиденди | - | - | - | - | | - | - |
| **Состојба на 31 декември 2024 година** | **8.594.869** | **396.661** | **66.978** | **335** | **180.648** | **(8.515.422)** | **724.069** |

**Тутунски Комбинат АД Прилеп**
Генерален извршен директор

Александар Алексовски

Финансов директор

Маја Бошкоска

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
### на Тутунски Комбинат АД Прилеп
### за годината која завршува на 31 декември 2025 година

| | 31 декември 2025 во (000) МКД | 31 декември 2024 во (000) МКД |
|---|---|---|
| **I. Готовински тек од оперативни активности** | | |
| Нето добивка/загуба пред оданочување | 424.127 | 180.648 |
| *Усогласување за:* | | |
| Амортизација на основни средства | 21.283 | 23.268 |
| Приходи/расходи од камати нето | 27.654 | 24.337 |
| Дивиденди и други приливи и одливи нето | (570.194) | (404.221) |
| **Добивка пред промени во работен капитал** | **(97.130)** | **(175.968)** |
| **Зголемување/намалување на тековните средства** | | |
| Залихи | (450.731) | (475.215) |
| Побарувања од поврзани друштва | - | - |
| Побарувања од купувачи | (1.464) | 15.165 |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | (362) | 679 |
| Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси | - | 368 |
| Побарувања од вработените | 26 | 47 |
| Останати краткорочни побарувања | - | - |
| Платени трошоци за идните периоди и пресметани приходи | 898 | 8.774 |
| **Вкупно зголемување/намалување на тековните средства** | **(451.634)** | **(450.182)** |
| **Зголемување/намалување на тековни обврски** | | |
| Обврски спрема поврзани друштва | (7) | 298 |
| Обврски спрема добавувачи | 8.978 | (73) |
| Обврски за аванси, депозити и кауции | - | - |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести | 1.878 | (738) |
| Обврски кон вработените | 5.896 | 1.149 |
| Тековни даночни обврски | 1.694 | 1.789 |
| Обврски по основ на учество во резултатот | - | - |
| Останати финансиски обврски | 2 | (5) |
| Останати краткорочни обврски | 76.014 | 12.259 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди | 969 | 605 |
| **Вкупно зголемување/намалување на тековни обврски** | **95.424** | **15.283** |
| Прилив од камати | 1.650 | - |
| Одливи по камати | (29.305) | (24.337) |
| Данок на добивка | (3.002) | - |
| **Вкупно нето готовина од оперативни активности** | **(483.996)** | **(635.204)** |
| **II. Готовински тек од инвестициски активности** | | |
| Продажби на материјални и нематеријални средства | - | - |
| Набавки на материјални и нематеријални средства | (7.592) | (1.982) |
| Дивиденди | 411.289 | 320.309 |
| Приливи од вложувања во недвижности | - | - |
| Одливи од вложувања во недвижности | - | - |
| Приливи од долгорочни финансиски средства | - | - |
| Одливи од долгорочни финансиски средства | - | - |
| Краткорочни финансиски средства | - | - |
| **Вкупно нето готовина од инвестициски активности** | **403.697** | **318.327** |
| **III. Готовински тек од финансиски активности** | | |
| Главнина и резерви | - | - |
| Исплата на дивиденда | - | - |
| Долгорочни резервирања за ризици и трошоци | - | - |
| Зголемување за примени кредити и позајмици | 1.267.622 | 1.095.791 |
| Намалување за примени кредити и позајмици | (1.068.753) | (734.683) |
| Одложени даночни обврски | - | - |
| **Вкупно нето готовина од финансиски активности** | **198.869** | **361.108** |
| **Вкупно нето пораст/намалување на готовината** | **118.570** | **44.231** |
| **Готовина на почетокот од годината** | **85.112** | **40.881** |
| **Готовина на крајот од годината** | **203.681** | **85.112** |

**Тутунски Комбинат АД Прилеп**
Генерален извршен директор

Александар Алексоски

Финансов директор

Маја Бошкоска

**БЕЛЕШКИ**

**КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ НА**

**ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП**

**ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2025**

# БЕЛЕШКА 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Тутунски Комбинат Прилеп во понатамошниот текст („Друштвото”) е Акционерско Друштво, основано и со седиште во Република Северна Македонија. Друштвото е регистрирано, согласно одредбите од Законот за трговски друштва кај Основниот суд во Прилеп под Т.рег.бр. 0100004244-03-000 од 27 мај 1991 година. Седиштето на Друштвото е во Прилеп на ул. Прилепски Бранители бр. 85, Република Северна Македонија. ЕМБС е 4018117 а ЕДБ 4021949119965.

Основната деловна активност на Друштвото согласно номенклатурата од НКД е 12.000 - Производство на тутунски производи, ферментација на тутун и преработка на тутун.

Во тековната година бројот на вработени изнесува 414, додека во претходната 2024 година овој број на вработени лица изнесуваше 411.

Вкупниот број на акции изнесува 2.741.845 (2.701.030 обични и 40.815 приоритетни) со номинална вредност на една акција од 51,13 евра и вкупна основна главнина во износ од 8.594.869 илјади денари.

Акциите на Друштвото котираат на Македонската берза на хартии од вредност.

Друштвото спаѓа во групата на големи деловни субјекти.

Друштвото е во претежна сопственост на Владата на Република Северна Македонија.

Генерален извршен директор е Александар Алексовски со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет.

## 1.1. Стратешки и статусни промени во текот на 2016 година

1. Собранието на акционери на Друштвото на ден 25 јули 2016 година донесе Одлука за статусна промена - присоединување на подружниците Тутунски Комбинат Цигари ДООЕЛ и Тутунски Комбинат Тутун ДООЕЛ кон матичното друштво Тутунски Комбинат АД Прилеп. На ден 30 септември 2016 година, подружниците Тутунски Комбинат - Тутун ДООЕЛ и Тутунски Комбинат - Цигари ДООЕЛ склучија Спогодба за нивна статусна промена односно присоединување кон матичното друштво Тутунски Комбинат АД Прилеп. Собранието на акционери на матичното друштво Тутунски Комбинат АД Прилеп на ден 28 ноември 2016 година донесе Одлука за прифаќање и потврдување на Спогодбата за присоединување. Со потврдување на Спогодбата, Собранието го одобри присоединувањето согласно роковите и условите утврдени во Спогодбата.

2. Присоединувањето е реализирано со датум на пресек 30 септември 2016 година, со кој датум е извршен универзален пренос на целиот имот и на обврските од подружниците на матичното друштво и истите престанаа да постојат како правни лица без спроведување на постапка за ликвидација. На ден 09 декември 2016 година е извршен упис на статусната промена во Централниот Регистар на Република Северна Македонија.

# БЕЛЕШКА 2. ОСНОВ ЗА СОСТАВУВАЊЕ И ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики. Овие политики се конзистентно применети на сите прикажани години, освен доколку не е поинаку наведено.

## 2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи

Друштвото ја води својата сметководствена евиденција и ги подготвува своите финансиски извештаи во согласност со Законот за трговски друштва („Службен весник на РМ” бр. 28/2004 ... 191/2025) и прифатените сметководствени стандарди во Република Северна Македонија кои се објавени во новиот Правилник за водење на сметководството („Службен весник на РМ“ број 75/2024 и 274/2024) кој започна да се применува од 1 јануари 2025 година, во кој е содржан македонскиот превод на следните стандарди и толкувања објавени од страна на Одборот за меѓународни сметководствени стандарди:

- Меѓународните сметководствени стандарди - МСС,
- Меѓународните стандарди за финансиско известување - МСФИ,
- Толкувањата на Постојниот комитет за толкување - ПКТ и
- Толкувањата на Комитетот за толкување на меѓународното финансиско известување – КТМФИ.

Во овие сметководствени политики не се вклучени стандардите чијашто примена согласно новиот Правилник наведен во првиот став од оваа точка е одложена за 2028 година а тоа се:

- МСФИ 9 - Финансиски инструменти, и
- МСФИ 17 - Договори за осигурување.

Поради одложената примена на МСФИ 9 и МСФИ 17 до крајот на 2027 година ќе продолжи примената на старите стандарди:

- МСС 39 - Финансиски инструменти, признавање и мерење и
- МСФИ 4 - Договори за осигурување,

кои се објавени во стариот Правилник за водење сметководство („Службен весник“ бр. 159/09, 164/10 и 107/11).

Одложената примена на спомнатите стандарди во претходниот став од оваа точка и објавата на нови стандарди од страна на Одборот за меѓународни сметководствени стандарди кои се уште не се преведени во Македонија и не се содржани во Правилникот за начинот на водење сметководство, ја прави рамката за финансиско известување да биде национална.

Поради сето претходно кажано финансиските извештаи на Друштвото за тековната известувачка година се подготвени во согласност со важечката национална рамка за финансиско известување на Македонија, утврдена со Законот за трговски друштва и Правилникот за начинот на водење сметководство. Со оглед на одложената примена на МСФИ 9 - Финансиски инструменти и МСФИ 17 - Договори за осигурување и непреведените нови МСФИ издадени од Меѓународниот одбор за сметководствени стандарди, Друштвото ги применува постојните МСС и МСФИ кои се официјално во примена во Македонија. Сите сметководствени политики се усогласени со оваа рамка и со важечките допирни национални прописи. За целите на составување на годишната сметка, сметководствената евиденција на Друштвото е прилагодена соодветно на актуелниот сметковен план и на билансните шеми што се применуваат за тековната известувачка година.

Подготовката на овие финансиски извештаи е во согласност со сметководствените стандарди прифатени и објавени во Република Северна Македонија кои бараат употреба на одредени критички сметководствени проценки. Сметководствените стандарди бараат раководството на Друштвото да употреби свои проценки во процесот на примена на сметководствените политики. Подрачјата што вклучуваат повисок степен на проценка или комплексност или подрачјата во кои претпоставките и проценките се значајни за финансиските извештаи, се обелоденуваат во финансиските извештаи. Финансиски извештаи се подготвуваат со состојба на и за годината што завршува на 31 декември.

Финансиските извештаи се првично усвоени на ден 02.3.2025 година од страна на менаџментот на Друштвото со Одлука бр. 02-387/2 и истите се поднесени во Централниот регистар на РСМ. После предложените корекции од страна на ревизорот, финансиските извештаи се коригирани, вака коригираните нови финансиски извештаи се усвоени со Одлука бр.02-813/2 од 17.04.2026 година и дополнително ќе бидат поднесени до ЦРРСМ.

Денарот преставува функционална и известувачка валута во Република Северна Македонија. Износите содржани во финансиските извештаи на Друштвото, како и во останатите придружни белешки кон финансиските извештаи на Друштвото се прикажани во илјади македонски денари (000 МКД) освен ако не е поинаку наведено.

Во тековниот период, Друштвото ги разгледа сите нови и ревидирани стандарди и толкувања кои стапиле на сила од овој датум. Примената на наведените измени немаше значајно влијание врз финансиската состојба, финансиските резултати или паричните текови на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2025 година.

Финансиските извештаи се подготвени според моделот на набавна вредност како основа за мерење, освен ако не е поинаку наведено.

### 2.1.1. Претпоставка за неограничен континуитет во деловното работење

Овие финансиски извештаи се подготвени врз основа на претпоставката за неограничен континуитет во работењето на Друштвото. Истите не содржат било какви корекции и рекласификации кои би биле неопходни доколку претпоставката за неограничен континуитет во работењето на Друштвото би била доведена во прашање.

Во април 2014 година е склучен договор за стратешко партнерство со компанијата Philip Morris International Management SA, Lausanne, Switzerland, во кој договор се прецизира стратегијата на работење и развојот на Тутунски Комбинат АД Прилеп.

Во текот на 2014 година Друштвото склучи Договор за заедничко вложување со Philip Morris International Management SA, Lausanne, Switzerland, при што беше формирано ново заедничко друштво под името Филип Морис Тутунски Комбинат Прилеп ДОО Скопје. Дејноста на ова друштво е трговија на

големо со производи од тутун. Ова друштво е ексклузивен носител на лиценцните права и на правата за користење и организирање на производството и дистрибуцијата на тутунски производи со брендови на двете друштва. Менаџментот на Друштвото очекува дека ова стратешко партнерство ќе обезбеди долгорочна одржливост на производство на тутунски преработки.

Погоре склучениот Договор е со рок на важност од 10 години и истиот автоматски се продолжува за последователен едно годишен период, освен ако е поништен од страна на содружник со најмалку 6 месечно претходно дадено известување, согласно член 11 од истиот.

Менаџментот оценува дека принципот на неограничен континуитет во работењето на Друштвото применет при подготовка на овие финансиски извештаи е соодветен, особено поради фактот што склучениот договор со Филип Морис за деловно – техничка соработка, континуирано производство и продажба на цигари преку системот на лон – производство се почитува а се остварува преку заеднички основаното друштвото Филип Морис Тутунски Комбинат Прилеп ДОО Скопје.

### 2.1.2. Работење на Друштвото во изминатиот период

Почнувајќи од 2014 година се преземени низа мерки и активности за кои Менаџментот на Друштвото верува дека обезбедуваат соодветна основа за одржливост и развој на деловните активности на Друштвото.

Во текот на 2016 година, извршено е присоединување на подружниците Тутунски Комбинат Цигари ДООЕЛ и Тутунски Комбинат Тутун ДООЕЛ кон матичното друштво Тутунски Комбинат АД Прилеп. Деловните активности на подружниците, континуирано, продолжуваат во рамките на Друштвото, со што присоединувањето не влијае на заинтересираните страни на Друштвото. Присоединувањето е поттикнато со цел да се зголеми успешноста во работењето како и да се искористат предностите што ги има заедничкото работење а истовремено да се намалат трошоците на работењето.

Менаџментот верува во одржливоста со преземање на следниве мерки и активности:

- Долгорочен континуитет во деловните активности, планиран откуп на суров тутун од 2,5 до 3 илјади тони годишно, негово ферментирање и продажба во најголем дел преку компанијата Филип Морис врз основа на долгорочен договор за деловно – техничка соработка,
- Континуирано производство и продажба на цигари барани на пазарот преку системот на лон – производство што се реализира преку друштвото Филип Морис Тутунски Комбинат Прилеп ДОО Скопје;
- Продолжени и репрограмирани кредитни аранжмани, особено за откуп на суров тутун и за тековно работење;
- Подобрување на кредитниот рејтинг на Друштвото со очекуван позитивен тренд на зголемување на финансискиот резултат и зголемување на капиталот;
- Тековно и долгорочно усогласување на паричните приливи и одливи (позитивен cash flow);
- Рационална организација и намалување на трошоците во сите процеси од работењето;
- Реализирање на долгорочниот Бизнис план;
- Континуирано инвестирање во технологии и стручни оспособувања;
- Примена на дигитализационите достигнувања во сферата на информативниот систем, во производството, во продажбите, во финансирањето и во финансиското известување.

## 2.2. Користени проценки

При подготвување на финансиските извештаи Друштвото применува сметководствени проценки за ставките кои не можат прецизно да се измерат. Проценувањето вклучува расудувања засновани на информации кои се последно расположливи. Во текот на работењето одредени проценки можат да се ревидираат како резултат на промена на околностите врз основа на кој биле засновани, промени во опкружувањето или добиените нови информации и сознанија.

Проценки се употребуваат и при проценување на корисниот век на употреба на недвижностите, постројките и опремата, обезвреднување на недвижностите, постројките и опремата, исправка на вредноста на побарувањата односно утврдување на објективна вредност на побарувањата, вредносно усогласување (исправки) на залихите за да се сведат на нивната нето реализациона вредност и слично.

## 2.3. Трансакции во странски валути

Трансакциите деноминирани од странска валута се искажани во македонски денари, кои се известувачка и функционална валута на Друштвото, со примена на официјалниот среден курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани од странска валута се искажани во македонски денари по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики се прикажани во

извештајот за сеопфатната добивка како приходи или расходи од финансирање во периодот на нивното настанување.

Во тековната 2025 година Друштвото има трансакции изразени во странска валута.

## 2.4. Девизни курсеви

Официјалните девизни курсеви кои беа применети за искажување на ставките од извештајот за финансиската состојба се следниве:

| Валута | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|
| 1 EUR | 61,4950 ден. | 61,4950 ден. |
| 1 USD | 52,3050 ден | 58,8807 ден. |
| 1 GBP | 70,5865 ден | 74,1350 ден. |

## 2.5. Деловни комбинации

Матичното Друштво го применува методот на стекнување на деловни комбинации во сметководството. Пренесениот надомест од страна на матичното Друштво за да стекне контрола врз подружницата, се пресметува како збир од објективни вредности на пренесените средства, настанатите обврски и сопственичките учества од страна на матичното Друштво на датумот на стекнување, кои вклучуваат објективна вредност на средствата или обврските кои произлегуваат од преземениот ангажман. Трошоците за стекнување се признаваат во периодот кога настанале.

Друштвото признава стекнати средства кои можат да се идентификуваат и претпоставени обврски во деловна комбинација без оглед на тоа дали тие биле претходно признаени во финансиските извештаи на стекнувачот пред периодот на стекнување. Стекнатите средства и претпоставените обврски се водат по нивната сметководствена вредност на датумот на стекнување.

Гудвилот се евидентира после одделно признавање на нематеријалните средства кои можат да се идентификуваат. Гудвилот се пресметува:

1. На збирниот износ од:
    - Пренесениот надомест измерен во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди, каде вообичаено се применува објективна вредност на датумот на стекнување;
    - Износот на било кое неконтролирано учество во стекнатиот ентитет мерено во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди;
    - Во деловна комбинација која е стекната низ фази по објективна вредност на датумот на стекнување на сопственичкото учество кое стекнувачот претходно го имал во стекнатиот ентитет;
2. На разликата помеѓу износите на стекнатите средства кои можат да се идентификуваат и преземените обврски на датумот на стекнување, мерени согласно Меѓународните сметководствени стандарди;

За разлика од претходно наведениот гудвил кој претставува позитивен гудвил, негативен гудвил е кога пренесениот надомест на стекнувачот во стекнатите средства е помал од нето вредноста на стекнатите средства. Овој негативен гудвил е познат под поимот поповолна набавка.

## 2.6. Споредбени показатели

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините кои завршуваат на 31 Декември тековна и претходна година. Споредбените податоци за претходната година се подготвени во согласност со сметководствените стандарди кои биле во примена во тој период и не се прилагодени согласно новата сметководствена основа. Друштвото изврши проценка на потенцијалното влијание на промените на МСФИ врз финансиската состојба и резултатите од работењето. По извршената проценка се констатира дека овие промени нема да имаат значајно влијание на финансиските извештаи на Друштвото. Тековните и споредбените податоци во финансиските извештаи се дадени во илјади денари (000 МКД).

# БЕЛЕШКА 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ И ПРОЦЕНКИ

## 3.1. Недвижности, постројки и опрема

Недвижностите се евидентираат по набавна односно претпоставена набавна вредност намалена за акумулираната депрецијација и за резервирањата поради обезвреднување доколку истите постојат. Набавната вредност ги вклучува сите трошоци кои директно се однесуваат на набавката на средствата.

Постројките и опремата се евидентираат по набавна, односно претпоставена набавна вредност, намалена за акумулираната депрецијација и резервирањето поради обезвреднување, доколку постои. Набавната вредност вклучува трошоци кои директно се однесуваат на набавката на средствата.

Претпоставената набавна вредност претставува ревалоризирана набавна вредност на одредени ставки на недвижностите, постројките и опремата кои се ревалоризирани во периодите пред 2005 година по пат на примена на коефициенти за индексирање утврдени од страна на Државниот завод за статистика.

Цената на чинење на средствата изградени во сопствена режија се состои од трошокот за материјали, директна работна сила и соодветни општи производни трошоци.

Трошоците по камати за позајмици кои се користат за финансирање при изградба на недвижностите, постројките и опремата се капитализираат за време на периодот кој е потребен истите да се завршат и подготват за нивно ставање во употреба. Останатите трошоци по основ на позајмици се евидентирани како трошоци на периодот во кој настанале.

Последователните набавки се вклучени во евидентираната вредност на средството или се признаваат како посебно средство, соодветно, само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи во Друштвото поврзани со таа ставка и кога трошокот на ставката може разумно да се измери. Сите други редовни одржувања и поправки се евидентираат како расходи во извештајот за сеопфатната добивка во текот на периодот во кој се јавуваат.

Не се пресметува депрецијација на земјиштето и инвестициите во тек, доколку такви постојат.

Депрецијацијата на останатите ставки на недвижностите и опремата се пресметува право пропорционално и тоа како што следи:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Градежни објекти | 40 години | 40 години |
| Погонска опрема | 4-20 години | 4-20 години |
| Останата опрема и моторни возила | 4-10 години | 4-10 години |
| Фотоволтаичен систем | 20 години | 20 години |

Пресметувањето на амортизацијата започнува истиот ден кога средството станува расположливо за употреба т.е. кога тоа е поставено на локацијата и во состојба неопходна за да биде оперативно способно на начин предвиден од страна на раководството. Средството престанува да се амортизира на првиот ден од датумот кога средството е класифицирано како средство што се чува за продажба согласно со МСФИ 5 и од датумот кога средството е отпишано.

Приходите или расходите поврзани со отуѓување се одредуваат по пат на споредба на приливите со сметководствената вредност на средствата што се отуѓуваат. Разликите се вклучени во извештајот за сеопфатната добивка во периодот кога настануваат.

Ставките на недвижности, постројки и опрема кои се утврдени со попис а претходно не биле евидентирани во деловните книги, се признаваат по проценета објективна вредност и во корист на останатите приходи (вишоци). Ставките на недвижности, постројки и опрема кои недостасуваат а претходно биле евидентирани во деловните книги, се евидентираат како расходи (кусоци) заедно со соодветните давачки.

Кога набавката на средствата се реализира преку размена за друго средство, износот на трошокот на набавка се утврдува според објективната вредност на преземеното (набавено) средство. Ако таквата вредност не е позната тогаш според сметководствената вредност на отстапеното долгорочно материјално средство.

Економската суштина на деловната трансакција ја прави разликата меѓу инвестиционото (тековно) одржување и инвестиционото вложување на нетековните материјални средства.

Трошоците за одржување и поправки на средствата, т.н. трошоци на инвестиционо одржување, се признаваат како расходи на периодот.

Инвестиционите вложувања се оние издатоци со кои се продолжува векот на употреба на средството, се зголемува неговиот капацитетот, се зголемува квалитетот на производите кои се произведуваат со тоа средство или се намалуваат трошоците на производство на тие производи. Вредноста на инвестиционите вложувања се додава на набавната вредност на средството (се капитализира) и така зголемениот износ е основица за амортизација.

#### 3.1.1. Пренос на ревалоризационата резерва во капитал

Ревалоризационата резерва која е настаната по основ на ревалоризација на одредени ставки на недвижности, постројки и опрема, се пренесува во акумулирана добивка за годината во која таа ставка е отуѓена (повлечена од употреба или продадена).

Пренос на ревалоризационите резерви во акумулирана добивка може да се врши и додека средството е во употреба. Во тој случај, износот на реализираната ревалоризациона резерва кој се пренесува во акумулирана добивка е разликата помеѓу а) амортизацијата пресметана на ревалоризираната вредност на средството и б) амортизацијата која би била пресметана доколку врз средството е применет моделот на набавна вредност.

#### 3.1.2. Вложувања во туѓи недвижности, постројки и опрема

Вложувањата кои се вршат во туѓи недвижности, постројки и опрема, кои се земени под закуп, се признаваат како посебни ставки на нетековни средства, во случај кога таквите вложувања се извршени во сопствено име и за сопствена цел, а се во согласност со договорот за закуп кој е направен со сопственикот на закупеното средство.

Амортизацијата на вложувањата од оваа точка се вршат по систематска основа според проценетиот корисен век на употреба, кој може да биде еднаков или пократок од периодот на траење на договорот за закуп.

### 3.2. Нетековни средства кои се чуваат за продажба, прекинати работења и распределба на сопствениците

#### 3.2.1. Признавање

Друштвото ќе го класифицира како нетековно средство (или како група на средства за отуѓување), средството кое се чува за продажба, со намера неговата сметководствена вредност да биде надоместена главно преку трансакција на продажба, наместо, преку континуирано користење (преку амортизирање).

Условите за да се класифицира на овој начин определено нетековно средство (или група на средства за оттуѓување), се следните:

- тоа мора да биде расположливо за моментална продажба во својата тековна состојба,
- тоа треба да биде предмет само на услови кои се вообичаени и карактеристични за продажби на такви средства (или групи на средства за оттуѓување) и
- неговата продажба мора да биде многу веројатна.

Со цел да може да се смета продажбата за многу веројатна, како услов за класификација на средство (група на средства) како такво коешто се чува за продажба:

- менаџментот мора да се обврзе со план за продажба на средството (или групата на средства за оттуѓување),
- мора да се иницира активна програма за лоцирање на купувач и комплетирање на планот,
- средството (или групата на средства за оттуѓување) мора да биде активно рекламирана за продажба по цена која е разумна во однос на неговата тековна објективна вредност,
- продажбата треба да се квалификува за признавање како комплетирана продажба во рамките на една година од датумот на класификацијата, освен во определени исключоци а бараните активности за комплетирање на планот треба да укажат дека не е веројатно дека ќе бидат направени значајни промени на планот или дека планот ќе биде повлечен.

Рокот за комплетирање на продажбата може да биде продолжен и над една година, во случај на определени настани, кои се надвор од контролата на Друштвото и доколку постојат доволно силни докази дека Друштвото останува посветено на неговиот план да го продаде средството (или групата на средства за оттуѓување).

#### 3.2.2. Мерење

Нетековното средство (или група на средства за отуѓување), кое се чува за продажба почетно се мери по пониската од неговата сметководствена вредност и објективната вредност намалена за

трошоците за продажбата. На ист начин почетно се мери и нетековно средство (или група на средства за отуѓување) кое се чува за распределба на сопствениците.

Сметководствената вредност преставува вредност по која средството се води во деловните книги во моментот на неговата рекласификација како средство наменето за продажба.

Објективна вредност е пазарната вредност на денот на продажбата. Трошоците за продажба се трошоци кои можат директно да се припишат на продажбата на средството и кои не вклучуваат финансиски трошоци или даноци. Трошоците за продажба се утврдуваат според вредноста во моментот на проценката, а не според износот кој се очекува во моментот на идната продажба.

Ако сметководствената вредност е пониска од објективната вредност намалена за продажните трошоци, вредноста по која нетековното средство наменето за продажба се вреднува во деловните книги, останува непроменета. Но, доколку сметководствената вредност е поголема од фер вредноста намалена за продажните трошоци, сметководствената вредност треба да се корегира и да се сведе на износот на објективната вредност намален за продажните трошоци. Разликата помеѓу повисоката сметководствена вредност и пониската фер вредност се прикажува како расход по основ на обезвреднување.

Друштвото нема да амортизира нетековно средство додека истото е класифицирано како такво кое се чува за продажба или додека е дел од група на средства за оттуѓување класифицирана како средство кое се чува за продажба. По истекување на месецот во кое нетековното средство е рекласифицирано во нетековно средство наменето за продажба, се прекинува со пресметка на амортизацијата.

Каматата и другите расходи кои се припишуваат на обврските на групата за оттуѓување класифицирана како група која се чува за продажба, и понатаму ќе се признаваат.

Друштвото ќе признае загуба поради обезвреднување за секое почетно или последователно отпишување на средството (или групата на средства за оттуѓување) до објективната вредност намалена за трошоците за продажба.

Друштвото ќе признае добивка за секое последователно зголемување на објективната вредност намалена за трошоците за продажба на средството, но не над кумулативната загуба поради обезвреднување (анулирање), која била признаена или во согласност со МСФИ 5, или претходно во согласност со МСС 36 - Обезвреднување на средства.

Добивката или загубата, која претходно не е признаена до датумот на продажба на нетековното средство (групата за оттуѓување), ќе биде признаена на датумот на отпис (оттуѓување), според барањата за отпис на МСС 16 - Недвижности, постројки и опрема (за материјалните средства), односно на МСС 38 - Нематеријални средства (за нематеријалните средства).

#### 3.2.3. Промени во класификацијата на средства (промена на планот за продажба)

Доколку нетековното средство кое е рекласифицирано во нетековно средство наменето за продажба во извештајот за финансиската состојба сеуште не е продадено, се врши преиспитување за тоа дали сеуште се исполнети условите за средството да биде класифицирано како нетековно средство наменето за продажба. Ако критериумите не се исполнети се врши рекласификација како нетековно средство кое се користи за извршување на деловни активности.

Во случај кога Друштвото го променило планот на продажба, односно доколку Друштвото класифицирал средство (или група на средства за оттуѓување) како средство кое се чува за продажба, но критериумите за класификација повеќе не се задоволени, Друштвото ќе престане да го класифицира средството (или групата на средства за отуѓување) како средство кое се чува за продажба, односно ќе го рекласифицира како имот на Друштвото кој се користи во деловни цели.

Тоа средство ќе се мери според пониската вредност од:

а) неговата сметководствена (сегашна) вредност пред средството (или групата на средства за оттуѓување) да биде класифицирано како средство кое се чува за продажба, корегирана за каква било амортизација или ревалоризација, кои би биле признаени доколку средството (или групата за отуѓување) не било класифицирано како такво кое се чува за продажба и

б) неговата надоместлива вредност на датумот на последователната одлука тоа да не се продаде (надоместлива вредност е повисоката вредност од објективната вредност на средството намалена за трошоците за продажба и неговата употребна вредност).

## 3.3. Нематеријални средства

Нематеријални средства се оние средства кои немаат физичка содржина но кои можат да се идентификуваат. Тие се:

- Научно истражувачко знаење;

- Дизајнирање и имплементација на нови процеси;
- Патенти и лиценци и сл.;
- Интелектуална сопственост;
- Развивање на пазарот и трговски марки;
- Компјутерски софтвер кој не е составен дел на хардверот;
- Авторски права;
- Увозни квоти;
- Франшизи.

Нематеријалните средства треба да се идентификуваат со цел јасно да се разграничат од гудвилот и тие почетно се мерат според нивната набавна вредност, а се признаваат само доколку:

- Е веројатно дека идни економски користи ќе му се припишат на нематеријалното средство;
- Набавната вредност на нематеријалното средството може веродостојно да се измери;

Корисниот век на нематеријалното средство се определува како ограничен и неограничен. Корисниот век на нематеријалното средство кој произлегува од договори и други законски права не треба да го надмине периодот на договорот и другите законски права.

Амортизацијата на нематеријалните средства со ограничен век на користење се пресметува врз основа на набавната вредност на нематеријалните средства и тоа по праволиниска метода. Амортизација на нематеријалните средства со неограничен век на користење не се пресметува.

Периодот на амортизација и методот на амортизација на нематеријалните средства со ограничен век на користење треба да се проверува и коригира најмалку еднаш годишно.

### 3.3.1. Компјутерски софтвер

Трошоците поврзани со развојот, односно со одржувањето на компјутерските софтверски програми се признаваат како трошоци во моментот на нивното настанување. Трошоците директно поврзани со препознатливи и уникатни софтверски производи контролирани од страна на Друштвото и кои најверојатно ќе создадат економски користи што ќе ги надминат трошоците после една година, се признаваат како нематеријални средства. Трошоците за развој на компјутерски софтвер кои се признаваат како средство, се амортизираат користејќи ја правопропорционалната метода во текот на период од 5 години.

## 3.4. Вложувања во недвижности за изнајмување

Недвижностите во сопственост на Друштвото кои се чуваат пред се за остварување на приходи од нивно изнајмување наместо од употреба во редовното работење, се признаваат како вложувања во недвижности наменети за изнајмување во согласност со МСС 40 - Вложувања во недвижности.

Недвижностите за изнајмување кои се однесуваат од производствени погони се евидентираат по набавна односно претпоставена набавна вредност, намалена за соодветната исправка на вредноста и евентуалното резервирање поради обезвреднување. Моделот на објективна вредност не е прифатен поради неможноста за негово веродостојно утврдување. Имено, споредливите пазарни трансакции за овие ставки на недвижности се ретки и при тоа не постојат ниту алтернативни проценки засновани на проекции за дисконтирани парични текови.

Депрецијацијата на ставките на овие недвижности се пресметува правопропорционално со цел, да се распредели набавната или претпоставената набавна вредност до нивната резидуална вредност низ проценетиот век на употреба.

## 3.5. Обезвреднување на нефинансиските средства

Недвижностите, постројките и опремата, како и нематеријалните средства се проверуваат од постоење на можни оштетувања секогаш кога одредени настани или промени на условите укажуваат дека евидентираниот износ на средствата не може да се надомести. Секогаш кога евидентираниот износ на средствата го надминува нивниот надоместлив износ, се признава загуба од обезвреднување. Надоместливиот износ претставува повисокиот износ помеѓу нето продажната цена и употребната вредност на средствата. Нето продажната цена е износ кој се добива при продажба на средствата во трансакција помеѓу добро известени субјекти, додека употребната вредност е сегашната вредност на проценетите идни парични приливи кои се очекуваат да произлезат од континуирана употреба на средствата или од нивно отуѓување на крајот на корисниот век. Надоместливите износи се проценуваат на поединечните средства или ако тоа не е можно, на целата група на средства која генерира готовина.

## 3.6. Вложувања во придружени друштва и учество во заеднички вложувања

Придружени друштва се субјекти врз кои Друштвото има значително влијание, но не ги контролира истите. Постоењето на значително влијание се утврдува преку:

- застапеност во одборот на директори,
- учество во процесот на креирање политики и донесување на одлуки,
- материјални трансакции, меѓусебна размена на раководен персонал и обезбедување на суштински технички информации, и
- учеството во капиталот кој се движи помеѓу 20 и 50% од гласачките права.

Вложувањата во придружените друштва се евидентираат според методот на капитал. Според методот на капитал, вложувањето во придружените друштва првично се признава по набавна вредност, а последователно се прилагодува за промената по стекнувањето во уделот на Друштвото во нето средствата на придружното друштво. Во добивка или загуба се признава до висина на уделот на Друштвото во добивката или загубата на придружното друштво, додека во друга сеопфатна добивка се признава до висина на уделот на Друштвото во друга сеопфатна добивката на придружното друштво. Кога набавната вредност на вложувањето се зголемува за учеството во добивката на придруженото друштво, тогаш со распределба на добивката од придруженото друштво се врши намалување на претходно зголемените вложувања.

Доколку уделот во загубата на придруженото друштво е еднаков или го надминува учеството во придруженото друштво, во тој момент се прекинува со признавање на делот во понатамошните загуби.

Тутунски Комбинат АД Прилеп има заедничко вложување со Филип Морис Интернационал по склучен договор за формирање на ново друштво со назив Филип Морис Тутунски Комбинат Прилеп ДОО Скопје. Според одредбите од тој договор, остварената добивка во ново формираното друштво се распределува по соодносот 49% за Тутунски Комбинат АД Прилеп а 51% за Филип Морис Интернационал. Оваа распределба се врши по методот на капитал.

## 3.7. Финансиски средства

Друштвото ги класифицира своите финансиски средства во кредити и побарувања и финансиски средства расположливи за продажба. Класификацијата зависи од целите на набавката на финансиските средства. Раководството ги класифицира финансиските средства во моментот на нивното првично признавање.

### 3.7.1. Кредити и побарувања

Кредитите и побарувањата се недеривативни финансиски средства со фиксни или детерминирани плаќања кои не котираат на активен пазар. Тие се вклучени во тековни средства, освен оние кои доспеваат во период подолг од 12 месеци од датумот на извештајот за финансиската состојба.

### 3.7.2. Признавање и мерење на финансиските средства

Набавките и продажбите на финансиските средства се евидентираат на датумот на трансакцијата, односно на датумот на кој што Друштвото има обврска да го купи или продаде финансиското средство. Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правото за примање на истите или по нивното пренесување ако Друштвото значително ги пренело сите ризици и користи од сопственоста врз финансиските средства. Финансиските средства расположливи за продажба последователно се евидентираат по нивната објективна вредност. Кредитите и побарувањата последователно се евидентирани по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

Финансиски средства расположливи за продажба почетно се признаваат по нивна објективна вредност зголемена за трошоците од трансакцијата.

Кога финансиските средства класифицирани како расположливи за продажба се продаваат или се оштетени, претходно акумулираната коригирана објективна вредност признаена во останатата сеопфатна добивка и во резервите се вклучува во извештајот за останата сеопфатна добивка како добивка или загуба од вложувања во хартии од вредност во периодот на кој се однесува.

Каматите од средствата расположливи за продажба пресметани врз основа на ефективна каматна стапка се признаваат во добивката/загубата како финансиски приходи. Приходите од дивиденди и од финансиските средства расположливи за продажба се признаваат во добивките/загубите како дел од останатите приходи во моментот кога Друштвото има воспоставено право на прилив од дивиденда.

### 3.7.3. Депризнавање на финансиските средства

Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правата за примање на истите или по нивното пренесување ако Друштвото ги пренело сите значајни ризици и користи од сопственоста врз финансиските средства.

### 3.7.4. Обезвреднување на финансиските средства

#### А) Средства евидентирани по амортизациона набавна вредност

На секој датум на извештајот за финансиска состојба, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за обезвреднување на едно финансиско средство или на група на финансиски средства. Финансиското средство или групата на финансиски средства се оштетени и загуба поради обезвреднување се евидентира само ако постои објективен доказ за обезвреднување како резултат на еден или повеќе настани кои се случиле по првичното признавање на средствата при што настанот има влијание на очекуваните идни парични текови на финансиското средство или на групата на финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат.

Како докази за обезвреднување може де се земат индикациите дека должникот или групата должници имаат значајни финансиски тешкотии, доцнење при исплатата на главницата и каматата, веројатност дека ќе влезат во стечај или друга реорганизација и каде што постојат видливи индикации за намалување на идните парични текови како што се промени во економските услови кои кореспондираат со загуба.

За категоријата кредити и побарувања износот на загубата поради обезвреднување претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови, дисконтирани со примена на изворна ефективна каматна стапка на финансиското средство. Евидентираниот износ на средството се намалува преку употребата на сметка за резервирање поради обезвреднување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради обезвреднување во тековните добивки и загуби. Доколку кредитот или средството кое се чува до доспевање е со променлива каматна стапка, тековната ефективна каматна стапка утврдена според договорот претставува стапката на мерење на било која загуба од обезвреднување. На пример, Друштвото може да го измери обезвреднувањето на средството врз основа на објективна вредност на инструментот користејќи пазарна цена.

Доколку во некој последователен период износот на обезвреднувањето се намали и тоа намалување може објективно да се поврзе со настан кој настанал после признавањето на обезвреднувањето (како на пример подобрување на кредитниот рејтинг на должникот), претходно признатата загуба се намалува преку тековните добивки или загуби.

#### Б) Финансиски средства расположливи за продажба

На секој датум на извештајот за финансиска состојба, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за обезвреднување на едно финансиско средство или група на финансиски средства. За должничките хартии од вредност, Друштвото ги користи критериумите наведени во следната точка.

(а) Кај сопственичките хартии од вредност расположливи за продажба, значителното или пролонгираното опаѓање на објективната вредност на хартиите од вредност под нивната набавна вредност претставува индикатор дека средството е оштетено. Доколку постои таков доказ за финансиските средства расположливи за продажба, кумулативната загуба измерена како разлика помеѓу набавната вредност и тековната објективна вредност намалена за загубата поради обезвреднување претходно признаена во извештајот за финансиската состојба, се отстранува од сеопфатната добивка и се признава како добивка или загуба за периодот.

Доколку во некој последователен период објективната вредност на должничките инструменти евидентирани како финансиски средства расположливи за продажба се зголеми и зголемувањето може објективно да се поврзе со некој настан по датумот на евидентирање на обезвреднувањето во добивките или загубите, загубата поради обезвреднување се намалува преку тековните добивки односно загуби. Кај сопственичките финансиски средства расположливи за продажба, анулирање на обезвреднувањето не се евидентира преку добивки и загуби и секое последователно зголемување на објективната вредност се признава како останата сеопфатна добивка.

## 3.8. Пребивање на финансиските инструменти

Финансиските средства и обврски се пребиваат а нето вредноста се презентира во Извештајот за финансиска состојба кога постои законско извршно право за пребивање на признаените вредности и постои можност да се порамнат на нето основа или кога истовремено се реализираат средствата и подмируваат обврските.

## 3.9. Залихи

Залихите се вреднувани по пониската помеѓу набавната и нето реализационата вредност. Нето реализационата вредност претставува продажната вредност намалена за трошоците за завршување на продажбата, маркетингот и дистрибуцијата. Намалување на вредноста на залихите се спроведува за време на редовниот годишен попис, а врз основа на проценка за нивно оштетување, дотраеност и сл. Намалувањето на вредноста на залихите се врши на товар на расходите на периодот, вклучувајќи го и секое нивелирање по пат на отпис до нето реализационата вредност ако истата е пониска од набавната.

Трошокот на материјалите и резервните делови се утврдува користејќи ја методата на пондериран просек која ги вклучува трошоците направени за нивна набавка, за нивна достава до постоечката локација и за нивно доведување во состојба на употреба. Трошокот на производите и производството во тек вклучува и соодветен дел на општи трошоци врз основа на нормалниот оперативен капацитет.

Залихите на недовршеното производство, полупроизводи и готови производи се водат според трошоците на набавката, односно според цената на чинење на производството. Во цената на чинење на производството се вклучуваат: трошоците на материјали за изработка, платите за изработка, останатите директни трошоци и останатите општи трошоци кои може да се доведат во врска со сегашната состојба и сегашната локација на залихите. Износот на општите и директните трошоци кои се вклучени во вредноста на залихите се утврдува со калкулации кои посебно се изработуваат за секој производ и секој работен налог. Сите трошоци се водат по места и носители на трошоци. Трошоците на управата и продажбата (управно-продажна режија) не се вклучуваат во вредноста на залихите.

Отписот на ситниот инвентар се врши еднократно при ставање на истиот во употреба а амбалажата и автомобилските гуми се отпишуваат 100% при ставање на истите во употреба.

## 3.10. Побарувања од купувачи и останати побарувања

Побарувањата од купувачите претставуваат износи кои се побаруваат од купувачите за продадени стоки или извршени услуги во нормалниот тек на работење. Доколку наплатата на побарувањата се очекува за една или помалку од една година (или во временска рамка на еден оперативен циклус доколку е подолг), побарувањата се класифицирани како тековни средства. Доколку не го исполнуваат наведениот услов, истите се класифицираат како нетековни побарувања.

Овие побарувања и позајмици иницијално се признаваат по нивна објективна вредност а последователно се мерат според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка, нето од резервирањата поради обезвреднување.

Резервирањата поради обезвреднување се пресметуваат кога постои објективен доказ дека Друштвото нема да може да ги наплати сите побарувања и дадените позајмици согласно нивните оригинални услови за плаќање.

Значителни финансиски потешкотии кај должникот, веројатноста за стечај или финансиско реорганизирање како и пролонгирање или неможност за плаќање, претставуваат индикатори дека побарувањата од купувачи се оштетени. Значајните должници се тестираат за обезвреднување на индивидуална основа. Останатите побарувања со слични карактеристики на кредитен ризик се проценуваат групно.

Износот на резервирањата претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средствата и сегашната вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворна ефективна каматна стапка на финансиските средства. Средствата со краткорочно доспевање не се дисконтираат. Евидентираниот износ на средството со признавање на поврзаните загуби, со признавање на резервирање поради обезвреднување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради обезвреднување се евидентира преку тековните добивки/загуби. Во случај на ненаплатливост на побарувањето, истото се отпишува наспроти неговото резервирање. Последователната наплата на претходно отпишаните износи се признава како тековна добивка.

## 3.11. Парични средства и парични еквиваленти

Паричните средства и еквиваленти на парични средства вклучуваат готовина во благајната, депозити по видување во банки и други краткорочни високо ликвидни вложувања кои доспеваат во период не подолг од 3 месеци од датумот на стекнување. Парите на сметките во денари кај комерцијалните банки се водат во номинални износи според изводот за состојбата на прометот на тие сметки. Парите во благајна во денари се искажуваат по номинална вредност. Девизите на сметките во банката и благајната се искажуваат по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на изготвување на извештајот за финансиската состојба.

Пресметувањето на девизите се врши секогаш на денот на промената на состојбата на сметката (благајната) и на крајот на месецот.

За целите на составување на извештајот за парични текови:

а) паричните средства ги опфаќаат готовината во касите и депозитите по видување (денарски и девизни),

б) паричните еквиваленти ги опфаќаат краткорочните, високо ликвидни вложувања, кои брзо можат да се конвертираат во парични средства и кои се предмет на безначаен ризик во промената на нивната вредност (рок на достасаност до 3 месеци и помалку).

## 3.12. Платени трошоци за идни периоди (АВР)

Однапред платените трошоци за идните периоди се искажуваат како активни временски разграничувања и се преставуваат во трошоци на периодот на кој се однесуваат. Причините за разграничувањето како и износите кои се однесуваат на идните периоди мора да бидат искажани на соодветна сметководствена исправа.

Приходите кои се пресметани во корист на тековниот период а немаат елементи за да се искажат како побарувања, се искажуваат како активни временски разграничувања. Кога ќе се стекнат услови за испоставување на документ врз основа на кој се стекнати побарувањата, временските разграничувања се пренесуваат на сметките на побарувањата. Основата за приходување и искажување на таквите износи на временските разграничувања мора да биде утврдена со соодветна сметководствена исправа.

## 3.13. Капитал, резерви и акумулирани добивки/загуби

### А) Акционерски капитал

Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на емитираните акции

### Б) Трошоци поврзани со емисија на акции

Трошоците поврзани со емисија на нови акции, опции или стекнување на деловна активност се презентирани во капиталот како намалување.

### В) Сопствени акции

Кога Друштвото откупува свој акционерски капитал, платените надомести се одземаат од вкупниот акционерски капитал како сопствени (трезорски) акции се додека истите не се отуѓат. Кога таквите акции последователно се продаваат, примените надомести се вклучуваат во акционерскиот капитал.

### Г) Резерви

Резервите кои се состојат од задолжителни и други резерви, се создадени во текот на претходните периоди врз основа на добивки односно загуби од ревалоризација на материјални и финансиски средства расположливи за продажба како и по пат на распределба на акумулираните добивки врз основа на законската регулатива, одлуките на раководството и акционерите на Друштвото.

### Д) Акумулирани загуби

Акумулираните загуби ги вклучуваат загубите од тековниот и од претходните периоди.

## 3.14. Финансиски обврски

Финансиските обврски се класифицираат во согласност со суштината на договорниот аранжман. Финансиските обврски по амортизирана набавна вредност се состојат од обврски спрема добавувачи и позајмици.

### 3.14.1. Обврски спрема добавувачи

Обврските спрема добавувачите се обврски за плаќање за стоки или услуги кои се стекнати во нормалниот тек на работење. Обврските се евидентираат како тековни доколку плаќањето на истите се изврши во рок до една година или помалку од една година (или во временска рамка на еден оперативен циклус доколку е подолг). Доколку не го исполнуваат наведениот услов, истите се класифицираат како нетековни обврски.

Обврските кон добавувачи се евидентираат по нивната објективна вредност а последователно според нивната измерена амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

#### 3.14.2. Позајмици

Позајмиците иницијално се евидентирани според нивната објективна вредност, намалена за трошоците на трансакцијата. Последователно, позајмиците се евидентираат според нивната амортизирана набавна вредност а разликите помеѓу примањата (намалени за трошоците на трансакцијата) и надоместливиот износ се признаваат во Извештајот за сеопфатната добивка за времетраењето на позајмиците, користејќи го методот на ефективна каматна стапка.

Надоместоците кои се плаќаат за воспоставување на кредитни линии се признаваат како трошок за трансакцијата на позајмицата доколку постои веројатност дека дел или целата линија ќе се повлече. Во овој случај, надоместокот се одложува до моментот на повлекување. Доколку не постои доказ дека ќе се повлече одреден дел или сите кредитни линии, надоместокот се капитализира како однапред извршени плаќања за ликвидност и се амортизира за периодот на аранжманот. Позајмиците се класифицирани како тековни обврски освен доколку Друштвото има безусловно право за подмирување на обврските за уште најмалку 12 месеци по датумот на Извештајот за финансиската состојба.

### 3.15. Одложени плаќања на трошоци и приходи за идните периоди (ПВР)

На товар на пресметковниот период се пресметуваат и трошоците за кои не постојат соодветни сметководствени исправи за да можат да се признаат како обврска, а за кои со сигурност може да се утврди дека се однесуваат на тековниот пресметковен период. Кога ќе се прибават документи за признавање на обврските, се врши укинување на временските разграничувања во корист на сметките на обврските.

Приходите за кои нема услови за признавање во тековниот пресметковен период, се одложуваат преку временски разграничувања за идни периоди.

Во корист на временските разграничувања се евидентираат и наплатените приходи кои се однесуваат за идните периоди, а за кои не било искажано соодветно побарување.

### 3.16. Трошоци за позајмување

Општите и посебните трошоци за позајмици директно поврзани со стекнување, изградба или производство на квалификувани средства, кои претставуваат средства за кои е потребен значителен временски период да се подготват за нивната наменска употреба или продажба, се додаваат на набавната вредност на тие средства до моментот кога средствата се значително подготвени за нивната наменска употреба или продажба.

Приходите од вложувања стекнати од привремена инвестиција на специфични обврски по кредити, каде се очекуваат трошоците за квалификуваните средства да се одземаат од трошоците за позајмување, можат да се квалификуваат за капитализација.

Сите останати трошоци за позајмување се признаени во добивките или загубите во периодот во кој настанале.

### 3.17. Лизинг

Друштвото признава постоење на лизинг врз основа на суштината на договорот во зависност од тоа дали исполнувањето на договорот зависи од употребата на специфичното средство односно на средства, или пак со договорот се пренесува правото за употреба и или контрола на тие средства за одреден временски период во замена за надоместок..

МСФИ 16 ја елиминира класификацијата на лизингот како оперативен или финансиски наем како што се бараше со МСС 17 и наместо тоа, воведува единствен сметководствен модел за корисникот на лизингот.

#### 3.17.1. Наемодавател

МСФИ 16 суштински ги пренесува сметководствените барања на дavателот на лизинг како и МСС 17. Следствено, давателот на лизинг продолжува да ги класифицира своите договори за лизинг како оперативен или финансиски наем и различно да ги евидентира тие два типа на наеми.

Лизингот каде Друштвото суштински ги задржува сите ризици и бенефити од сопственоста на средството се класифицира како оперативен наем. Во согласност со МСФИ 16, оперативен лизинг е лизинг каде не се трансферираат значајно сите ризици и користи поврзани со сопственоста на одредено средство. Ова се типично краткорочни договори за лизинг кога приливите од наем се прикажуваат во добивката или загубата со примарно влијание врз извештајот за финансиска состојба од аспект на временската перспектива на плаќањата за лизингот. Средствата дадени под лизинг на клиенти како оперативен лизинг се вклучени во извештајот за финансиска состојба на позицијата на НПО. Тие се амортизираат во текот на нивниот корисен век на конзистентна основа. Приходите од лизинг се признаваат на праволиниска основа за време на траење на лизингот. Иницијалните директни трошоци кои се јавуваат при договорите за оперативен лизинг во извештајот за финансиска состојба се презентираат како одложени трошоци и се признаваат како добивки/загуби во текот на лизинг периодот на иста основа како приходот од лизинг. Непредвидените приливи по основ на лизинг се признаваат како приход во периодот во кои настанале. Однапред платените наемнини се признаваат како одложен приход.

Лизингот каде Друштвото суштински ги пренесува сите ризици и бенефити кои се поврзани со сопственоста на средството кое е предмет на лизинг се класифицира како финансиски лизинг. На датумот на започнување, Друштвото ќе признае средство кои се предмет на лизинг во износ на нето инвестиција во лизингот. Нето инвестицијата се мери како збир од побарувањето за плаќања за лизинг и секоја негарантирана преостаната вредност, дисконтирана со користење на каматната стапка содржана во договорот за лизинг. Сите почетни директни трошоци направени од Друштвото се вклучени во почетното мерење на нето-инвестицијата. Финансискиот приход се признава во периодот на закуп врз основа на модел што одразува константна периодична стапка на поврат на нето-инвестицијата на наемодавателот.

### 3.17.2. Наемопримател

За активните/затекнатите договори за лизинг на почетокот на 2025 година, Наемопримателот постапува согласно МСФИ 16, имајќи го во предвид преостанатиот период на важност на договорот за лизинг, сметано од датумот на прва примена.

Наемопримателот треба да го утврди периодот на лизинг како неотповиклив период заедно со периодите опфатени во опција за продолжување и периодите опфатени во опција за прекинување на лизингот, и природата на лизинг трансакцијата., Наемопримателот прави процена на периодот на користење и тој период го користи за мерење (вреднување) на средството/обврската. Овој период е еднаков или пократок со периодот на амортизација на исти или слични средства според вообичаената политика за амортизација применета за недвижности, постројки и опрема или нематеријални средства.

Наемопримателот може да направи сметководствена проценка на поединечни лизинг договори или на портфолио од договори со слични карактеристики.

Друштвото - корисник на лизинг, почетно признава средство со право на користење и обврска за лизинг на датумот на кој има право да ги користи своите права за употреба на средството под лизинг.

Средствата со право на користење под лизинг, Друштвото ги прикажува во Извештајот за финансиска состојба во истата линиска ставка во која соодветните основни средства би биле презентирани доколку корисникот на лизинг би бил нивен сопственик. Обврските по основ на лизинг се презентираат одделно во белешките кон финансиските извештаи.

Корисникот на лизинг нема да ги применува барањата за признавање, вреднување и презентирање на МСФИ 16 за:

- Краткотраен лизинг (период на лизинг од 12 месеци или помалку) и
- Лизинг чиј предмет е средство со ниска вредност

Во случај на краткотраен лизинг и лизинг со мала вредност, Друштвото евидентира расходи на праволиниска основа за времетраење на лизингот.

### 3.17.3. Мерење при почетното признавање

Средствата со право на користење под лизинг, почетно се признаваат по нивната набавна вредност на датумот на започнувањето на важноста на договорот за лизинг, којашто е еднаква на почетната вредност на обврските за лизинг, зголемена за плаќањата за лизинг направени пред или на денот на започнувањето на важноста на договорот за лизинг и било какви директно зависни трошоци на договорот за лизинг (трошоци за преговарање и обезбедување на договорот за лизинг), намалени за добиени стимулации во врска со лизингот, вклучувајќи ги во набавната вредност и проценетите трошоци за евентуално преместување на средството и за обнова на локацијата или враќање на средството во одредена состојба според условите на лизингот.

Обврската за лизинг се признава на датумот на започнување на лизинг аранжманот во извештајот за финансиската состојба како поединечно издвоена/прикажана обврска. Почетното вреднување на обврската за лизинг се врши според сегашната вредност на плаќањата за лизинг кои не се платени на тој датум. Плаќањата за лизинг се дисконтираат со користење на каматна стапка за лизингот имплицитна во

договорот за лизинг или со инкременталната стапка на позајмување, ако каматна стапка од договорот лизингот не може лесно да се определи.

### 3.17.4. Мерење после почетното признавање

Последователно (после почетното признавање), средствата со право на користење се мерат според почетната сметководствена вредност, намалена за акумулираната амортизација и загубата заради обезвреднување.

Средствата земени под лизинг се амортизираат според вообичаената политика за амортизација, применета и за другите недвижности, постројки и опрема и за нематеријалните средства. Амортизацијата се признава како расход во извештајот за сеопфатна добивка. Средството со право на користење се амортизира за пократкиот период од времетраењето на лизингот и од корисниот век на употреба на средството. За средствата со право на користење, друштвото прави тест на обезвреднување.

Последователно, обврската за лизинг се мери по амортизирана набавна вредност со примена на ефективна каматна стапка, односно се зголемува за трошоците за камата на лизингот, се намалува за извршените исплати на обврската за лизинг и се приспособува при повторна процена на износот за кој се очекува дека ќе се плати или при промена на идните плаќања на лизингот.

Расходот за камата на обврската за лизинг се распределува и се признава во билансот на успех за периодот на времетраење на лизингот.

## 3.18. Данок на добивка

Данокот на добивка за известувачкиот период претставува збир на тековен и одложен данок на добивка.

### 3.18.1. Тековен данок на добивка

Основа за пресметка и плаќање на тековниот данок на добивка по стапка од 10% претставува добивката пред оданочување утврдена во Извештајот за сеопфатна добивка, коригирана за одредени помалку искажани приходи и непризнаени трошоци за даночни цели, даночен кредит, како и други даночни ослободувања. Правните субјекти можат да ги употребат даночните загуби утврдени во тековниот период било за надомест на платениот данок во рамките на одреден период или пак за намалување или елиминирање на даночната обврска во наредните периоди.

Даночните обврзници кои ќе вршат исплати од акумулирани добивки остварени во периодот од 2009 до 2013 година за дивиденди и други распределби од добивката, имаат обврска да пресметаат и платат покрај данок на личен доход и данок на добивка.

### 3.18.2. Одложен данок на добивка

Одложениот даночен расход се евидентира во целост, користејќи ја методата на обврска, за временските разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и износите по кои истите се евидентирани за целите на финансиското известување. При утврдување на одложениот даночен расход се користат тековните важечки даночни стапки.

Одложениот даночен расход се задолжува или одобрува во Извештајот за сеопфатната добивка, освен доколку се однесува на ставки кои директно го задолжуваат или одобруваат капиталот во кој случај одложениот данок се евидентира исто така во капиталот.

Одложените даночни средства се признаваат во обем во кој постои веројатност за искористување на временските разлики наспроти идната расположлива оданочлива добивка.

## 3.19. Надомести за вработените

### 3.19.1. Придонеси за пензиско осигурување

Друштвото врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените се уплатуваат во соодветните пензиски фондови. Друштвото нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќањето на овие придонеси.

Друштвото е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на две месечни просечни нето плати исплатени по работник во РСМ во последните три месеци.

Друштвото е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат од работа по основ на технолошки вишок, износ кој зависи од работниот стаж на вработениот, но најмногу до седум месечни просечни нето плати исплатени на работникот.

### 3.19.2. Краткорочни користи за вработените

Краткорочните користи за вработените се мерат на недисконтирана основа и се признаваат кога соодветната услуга ќе се добие. Друштвото признава обврска и расход за износот кој што се очекува да биде исплатен како краткорочен бонус во пари или како удел во добивката и доколку Друштвото има сегашна правна или изведена обврска да врши такви исплати како резултат на услуги дадени во минатиот период и доколку обврската може да се процени веродостојно.

## 3.20. Данок на додадена вредност

Приходите, трошоците и средствата се признаваат намалени за износот на данокот на додадена вредност, освен:

- Кога данокот на додадена вредност од извршената набавка на средства или услуги не е надоместлив од даночните власти, во тој случај данокот на додадена вредност се признава како дел од трошоците за стекнување на средството или како дел од трошоците каде што е соодветно; и
- Кога побарувањата и обврските кои се искажани со вклучен износ на данокот на додадена вредност, тогаш нето износот на данокот на додадена вредност кој се надоместува од, или се плаќа на даночните органи, се вклучува како дел од побарувањата или обврските во извештајот за финансиската состојба.

## 3.21. Резервирања

Резервирања се признаваат тогаш кога Друштвото има тековна обврска како резултат на минат настан и кога постои веројатност дека ќе има одлив на средства за подмирување на обврската, а воедно ќе биде направена веродостојна процена за износот на обврската. Резервирањата се проверуваат на секој датум на известување и се коригираат со цел да се рефлектира најдобрата тековна процена. Кога ефектот на времената вредност на парите е материјален, износот на резервирањето претставува сегашната вредност на трошоците кои се очекуваат да се појават за подмирување на обврската.

Таму каде што дел или сите потребни издатоци за подмирување на резервирањата се очекува да бидат надоместени од друга страна, надоместувањето се признава кога навистина е извесно дека ќе биде примено доколку Друштвото ја подмири обврската. Надоместувањето се признава како посебно средство во извештајот за финансиската состојба. Износот кој се признава за надоместување не треба да го надмине износот на резервирањето. Во извештајот за сеопфатна добивка, расходот кој се однесува за резервирањата се признава во нето износ кој е признаен за надоместување.

## 3.22. Признавање на приходите и расходите

Приходите се мерат според објективната вредност на примениот надомест, односно надоместот што треба да се прими за продадените производи и стоки односно обезбедените услуги, нето од данокот на додадена вредност и евентуално одобрените продажни попусти.

Приходите од продажба на производи/стоки се признаваат ако:

- на купувачот се пренесени сите ризици и користи од сопственоста над производите/стоките.
- друштвото не задржува, ниту трајно управување, ниту контрола над производите/стоките.
- износот на приходите може да се измери;
- е веројатно дека продадените производи/стоки ќе се наплатат;
- трошоците кои настанале или кои ќе настанат во врска со продажбата може со сигурност да се измерат.

Друштвото може да признае приходи со текот на времето или во одреден момент со исполнување на обврската и пренос на контролата над доброто во тој момент.

Ако во моментот на настанувањето на настанот се процени дека наплатата не е извесна, приходите се одложуваат. За реализацијата од претходните пресметковни периоди и за онаа која во тековниот пресметковен период е пресметана во корист на приходите се врши исправка на побарувањата на товар на трошоците.

### 3.22.1. Приходи од продажба, продажба на големо - цигари, режан и ферментиран тутун и филтер стапчиња

Приходот од продажба на производи се признаваат во моментот на испорака до корисникот, кога приходот може да се пресмета, кога е сигурно дека ќе има финансиски прилив и кога се исполнети специфичните критериуми во однос на активностите на Друштвото. Приходите не се сметаат за разумно мерливи се додека сите услови поврзани со продажбата не се исполнети.

### 3.22.2. Приходи од обезбедување на услуги

Приходот од обезбедување на услуги се евидентира според степенот на завршување кога истиот може со сигурност да биде измерен. Степенот на завршување се одредува врз основа на проверка на извршената работа.

### 3.22.3. Приходи од наемнини

Приходи од наемнини на средства дадени под оперативен наем се признаваат во добивките и загубите на пропорционална основа во текот на периодот на наемот. Непредвидените наемнини доколку ги има, се признаваат како интегрален дел на вкупните приходи од наемнини во текот на наем периодот.

### 3.22.4. Финансиски приходи и трошоци

Финансиските приходи се признаваат на временска основа која го одразува ефективниот пренос на средствата.

Финансиските трошоци се состојат од трошоци за камати по обврски по кредити и позајмици и трошоци за камати за задоцнети плаќања. Трошоците за кредити и позајмици се признаваат во добивките или загубите со користење на методот на ефективна каматна стапка.

### 3.22.5. Приходи од дивиденди

Приходот од дивиденди се признава кога ќе се обезбеди доказ за износот на минималната дивиденда од придружните друштва или од вложувањата во придружните друштва.

За приходите што не се дефинирани со овој акт се применува МСФИ 15 - Приходи од договори со купувачи и другите меѓународни стандарди. Основниот принцип на овој стандард е дека приходот треба да биде признаен кога добрата или услугите се пренесени на купувачот по цена на трансакцијата. Секој збир од добра или услуги кои се различни, мора да бидат посебно признаени а попустот на договорната цена мора генерално да се алоцира врз поединечните елементи. Кога надоместокот варира од било која причина, минималните износи мора да бидат признаени ако не постои значаен ризик истите да се анулираат. Трошоците кои се случиле за да се обезбедат договорите со конкретните купувачи, треба да бидат капитализирани и амортизирани за периодот до кога траат и користите од договорите.

### 3.22.6. Расходи од деловното работење

Расходите од деловното работење се признаваат во моментот на настанување на потрошокот на суровините и материјалите и на искористувањето на услугите, односно во периодот на нивното настанување.

## 3.23. Распределба на дивиденди

Распределбата на дивиденди на акционерите на Друштвото се евидентира како обврска во финансиските извештаи во периодот кога таа се одобрува од акционерите на Друштвото.

## 3.24. Преземени и неизвесни обврски

Не се евидентирани неизвесни обврски во финансиските извештаи. Тие се објавуваат доколку постои веројатност за одлив на средства по основ на овие обврски. Исто така, неизвесни средства не се евидентираат во финансиските извештаи, но истите само се обелоденуваат кога постои веројатност за прилив на економски користи. Износот на неизвесната загуба се евидентира како резервирање доколку е веројатно дека идните настани ќе потврдат постоење на обврска на денот на известувањето или кога може да се направи разумна процена на износот на загубата.

## 3.25. Известување по оперативни сегменти

Деловен сегмент претставува група на средства и деловни активности за обезбедување на производи и услуги, кои се подложни на ризици различни од оние кај другите деловни сегменти. Географскиот сегмент пак обезбедува производи и услуги во рамките на одредено економско опкружување подложно на ризици различни од оние кај другите географски сегменти.

### 3.25.1. Деловни сегменти

Деловните активности на Друштвото се однесуваат на еден оперативен сегмент а тоа е производство на тутунски производи, ферментација на тутун и преработка на тутун.

### 3.25.2. Географски сегменти

Деловните активности на Друштвото се вршат на територијата на Република Северна Македонија.

## 3.26. Заработувачка по акција

Друштвото ја прикажува основната заработувачка по акција на обичните акции. Пресметката на основната заработувачка по акција е направена со поделба на нето добивката остварена во тековната година која им припаѓа на имателите на обични акции со пондерираниот просечен број на обични акции во текот на годината.

## 3.27. Промена на сметководствени политики

Сметководствените политики кои се утврдени со овој правилник се применуваат од период во период на конзистентна основа. Сметководствените политики се менуваат доколку тоа е условено со измена или донесување на нови МСС/МСФИ.

По исклучок на ставот 1 од оваа точка, промена на сметководствените политики може да се направи доброволно ако се процени дека новата сметководствена политика води кон подобра презентација на случувањата и позициите во финансиските извештаи. За промените во сметководствените политики одлучува Одборот на директори.

Новата сметководствена политика се применува ретроактивно, кога тоа се бара од МСС/МСФИ како од секогаш да била применета, освен кога износот за корекција не може прецизно да се утврди. Во таков случај новата сметководствена политика се применува на перспективна основа.

Ефектот кој настанува од ретроактивна примена на новите сметководствени политики се признава како корекција на пренесениот резултат, во согласност со МСС 8.

## 3.28. Грешки од претходен период

Материјално значајна грешка која е откриена во тековниот период а се однесува на претходен период и која, при тоа, има значително влијание врз финансиските извештаи на еден или повеќе претходни периоди, со што претходните финансиски извештаи не може да се сметаат за веродостојни, се смета за грешка од претходен период согласно на МСС 8 - Сметководствени политики, промена на сметководствените проценки и грешки (односно Одделот 10 на МСФИ за МСС).

Грешката од претходниот период се поправа така што за износот на таа грешка се врши корекција на почетната состојба на пренесениот резултат, односно на соодветната позиција во извештајот за финансиската состојба, доколку грешката е од таква природа да не влијае на резултатот.

Материјално безначајните грешки се признаваат како приход или расход на тековниот период. Материјалноста на грешките се проценува од случај до случај во моментот кога ќе се открие грешката.

## 1.1. Настани по датумот на финансиските извештаи

За ефектите од деловните случувања кои настануваат во периодот помеѓу издавањето на извештајот за финансиската состојба и датумот кога се одобруваат финансиските извештаи и се во директна врска со состојбата на позициите кои постојат на датумот на издавање на извештајот на финансиската состојба, се врши корекција на претходно признатите износи во финансискиот извештај (на пример, наплатено побарување за кое претходно била извршена исправка).

За ефектите од деловните случувања кои настануваат во периодот помеѓу издавањето на извештајот за финансиската состојба и датумот кога се одобруваат финансиските извештаи, а се

однесуваат на околности кои не постоеле на датумот на извештајот за финансиската состојба, во белешките кон финансиските извештаи се врши обелоденување на природата на случувањето и процена на неговиот финансиски ефект.

# БЕЛЕШКА 4. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

## 4.1. Финансиски ризици и управување со истите

Друштвото влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Друштвото е изложено и политиките за управување со нив се следните:

### 4.1.1. Ризик од промена на девизните курсеви

Друштвото влегува во трансакции во странска валута кои произлегуваат од набавки и продажби на странски пазари при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Друштвото нема посебна политика за управување со овој ризик со оглед дека во Република Северна Македонија и не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид на ризик. Според ова, Друштвото е изложено на можни флуктуации на странските валути кои сепак се ограничени поради фактот што најголем број од трансакции се во Евра, чии валутен курс се смета за релативно стабилен.

### 4.1.2. Ризик од промена на цени

Друштвото е изложено на ризик од промена на цени на вложувањата расположливи за продажба и истиот е надвор од контрола на Друштвото. Изложеноста на Друштвото на овој вид на ризик е дадена преку износите на овие вложувања во Белешката 29.

### 4.1.3. Каматен ризик

Друштвото се изложува на ризик од промена на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици договорени по варијабилни каматни стапки. Со оглед дека во тековната 2025 година Друштвото користи вакви кредити и позајмици, може да се каже дека постои изложеност спрема овој вид на ризик.

Ризикот од каматните стапки се оценува во зависност од тоа дали договорите за кредити се со фиксна или променлива каматна стапка. Имајќи го во предвид фактот дека Друштвото во 2025 година користи краткорочни и долгорочни кредити со варијабилна каматна стапка, сензитивноста од промена на каматните стапки за +/- 2% на годишно ниво се ефектуира со зголемување или намалување на остварената добивка и истата е дадена во продолжение.

### 4.1.4. Кредитен ризик

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите стасани обврски за плаќање. Друштвото има еден значаен купувач но сепак нема значајна концентрација на кредитен ризик со оглед на фактот дека со истиот има склучено повеќе годишен договор за деловна соработка до 2024 година. Договорот автоматски се продолжува за последователен едногодишен период, освен ако е поништен од страна на било кој содружник со најмалку 6 месечно претходно дадено известување, согласно член 11 од истиот.

### 4.1.5. Ризик од неликвидност

Друштвото е изложено на ризик од неликвидност кога нема да биде во можност со своите парични средства редовно да ги плаќа стасаните обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик Друштвото го надминува со континуирано обезбедување на потребни парични средства за сервисирање на своите пристигнати обврски.

### 4.1.6. Даночен ризик

Согласно законските прописи во Република Северна Македонија, финансиските извештаи и сметководствената евиденција на Друштвото подлежат на контрола од страна на даночните власти по поднесување на даночните биланси за тековната година. Во тековната 2025 години, во Друштвото не е вршена контрола од страна на даночните власти. Дополнителни даноци во случај на идна контрола од страна на даночните власти во овој момент не можат да се определат со разумна сигурност.

#### 4.1.7. Утврдување на објективна вредност

Друштвото располага со финансиски средства и обврски кои ги вклучуваат побарувањата од купувачи, вложувањата расположливи за продажба, обврските кон добавувачи и обврските по кредити, како и нефинансиските средства за кои голем број на сметководствени политики и обелоденувања бараат утврдување на нивната објективна вредност.

Објективната вредност на финансиските средства е приближна на нивната сметководствена вредност со оглед  на фактот дека истите имаат релативно кратка доспеаност со рок на доспевање од максимум една година од датумот на билансот на состојба, со исклучок на вложувањата расположливи за продажба кои имаат карактер на долгорочни средства и за кои објективната вредност е утврдена врз основа на последната пазарна цена на истите како и за обврските по однос на долгорочните кредити.

## 4.2. Финансиски инструменти

### 4.2.1. Ризик на финансирање

Друштвото врши финансирање на своето работење од сопствени средства (акумулирана добивка и амортизација) и со користење на краткорочни и долгорочни кредити и позајмици со цел да обезбеди соодветен поврат на вложувањата. Друштвото континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа која со состојба на 31 декември тековна и претходна година е следна:

**Во илјади (000) МКД**

| **Долгорочна задолженост** | **2025** | **2024** |
|---|---|---|
| Долгорочни обврски | 80.773 | 115.742 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 203.681 | 85.112 |
| **Нето обврски** | **(122.908)** | **30.630** |
| Вкупно капитал и резерви | **1.126.857** | **724.069** |
| **% на долгорочна задолженост во однос на капиталот** | **(10,91%)** | **4,23%** |

**Во илјади (000) МКД**

| **Вкупна задолженост** | **2025** | **2024** |
|---|---|---|
| Вкупни обврски (краткорочни и долгорочни) | 1.146.646 | 832.944 |
| Вкупни средства | 2.277.801 | 1.560.341 |
| **% на вкупна задолженост во однос на вкупните средства** | **50,34%** | **53,38%** |

### 4.2.2. Ризик од девизни валути

Друштвото влегува во трансакции во странска валута кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на девизните курсеви на странски валути.

Состојбата со девизните износи на средствата и обврските деноминирани во илјади денари е како што следи:

**Во илјади (000) МКД**

| | **Средства** | | **Обврски** | | **Салдо** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2025** | **2024** | **2025** | **2024** | **2025** | **2024** |
| ЕУР | 8 | 31 | (1.576) | (2.139) | 1.584 | 2.170 |
| УСД | - | 93 | - | - | - | 93 |
| ГБП | - | - | (12) | (252) | 12 | 252 |
| Други | - | - | | - | | - |

Следната табела ја покажува сензитивната анализа на зголемување или намалување за 10% на македонскиот денар во однос на странските валути. Анализата е направена на девизните салда на средствата и обврските на датумот на извештајот за финансиската состојба. Позитивните износи се зголемувања на добивката а негативните намалувања на добивката за соодветниот период.

**Во илјади (000) МКД**

| **Зголемување за 10%** | **Намалувања за 10%** |
|---|---|

| | 2025 | 2024 | 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|---|
| ЕУР | (158) | (217) | 158 | 217 |
| УСД | - | (9) | - | 9 |
| ГБП | (12) | (25) | 12 | 25 |
| Други | - | - | | - |
| **Нето ефект** | **(170)** | **(251)** | **170** | **251** |

### 4.2.3. Ризик од промена на каматите

Друштвото се изложува на ризик од промена на каматните стапки во случај кога користи кредити и позајмици или кога има пласирано средства кај други друштва или банки договорени по варијабилни каматни стапки.

Сметководствената вредност на финансиските средства и обврски според изложеноста на каматниот ризик на крајот на годините е:

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| **Финансиски средства** | **2025** | **2024** |
| **Некаматоносни** | | |
| Парични средства | 562 | 85.112 |
| Побарувања од купувачи | 22.055 | 20.591 |
| Дадени аванси | 382 | 20 |
| Останати побарувања | 113 | 139 |
| Долгорочни финансиски средства | 554.208 | 393.261 |
| **Вкупно** | **577.320** | **499.123** |
| **Каматоносни со фиксна каматна стапка** | | |
| Парични средства на сметки | 203.119 | - |
| Дадени депозити во банки | - | - |
| Дадени заеми на поврзани друштва | - | - |
| **Вкупно** | **203.119** | **-** |
| **Финансиски обврски** | | |
| **Некаматоносни** | | |
| Обврски кон добавувачи | 21.271 | 12.300 |
| Останати обврски | 146.632 | 41.771 |
| Останати долгорочни обврски | - | - |
| **Вкупно** | **167.903** | **54.071** |
| **Каматоносни со фиксна каматна стапка** | | |
| Кредит од Халк Банка | - | 28.201 |
| Останати обврски | 89.475 | 100.175 |
| **Вкупно** | **89.475** | **128.376** |
| **Каматоносни со променлива каматна стапка** | | |
| Кредит од Комерцијална и НЛБ Банка (синдициран) | 888.179 | 537.626 |
| Кредит од Комерцијална Банка | - | 92.358 |
| Кредит од Халк Банка | - | 20.512 |
| **Вкупно** | **888.179** | **650.496** |

Следната табела ја покажува сензитивната анализа на зголемување или намалување на варијабилните каматните стапки на користените кредити и позајмици за 2% поени. Анализата е направена на салдата на обврски за кредити и позајмици на датумот на извештајот за финансиската состојба. Позитивните износи се зголемување на добивката, а негативните намалување на добивката за соодветниот период.

**Во илјади (000) денари**

| Зголемување за 2% поени | | Намалувања за 2% поени | |
|---|---|---|---|
| **2025** | **2024** | **2025** | **2023** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Земени кредити | (17.763) | (13.009) | 17.763 | 13.009 |
| **Нето ефект** | (17.763) | **(13.009)** | 17.763 | **13.009** |

### 4.2.4. Ризик од ликвидност

Друштвото е изложено на ризик од неликвидност кога нема да биде во можност со своите парични средства редовно да ги плаќа стасаните обврските спрема своите доверители и кредитори. Ваквиот ризик Друштвото го надминува со континуирано обезбедување на потребни парични средства за сервисирање на своите пристигнати обврски.

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друштвото со состојба на 31 декември тековна и претходна година според нивната доспеаност.

**Во илјади (000) денари**

**2025**

| | **Недоспеани** | **До 3 месеци** | **Од 3 до 12 месеци** | **Од 1 до 3 години** | **Над 3 години** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Парични средства | - | 203.681 | - | - | - | 203.681 |
| Побарувања од купувачи | 21.792 | 27 | 129 | 107 | - | 22.055 |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | 382 | - | - | - | - | 382 |
| Побарувања од вработени | - | 113 | - | - | - | 113 |
| Долгорочни финансиски средства | 23.925 | - | 530.283 | - | - | 554.208 |
| **Вкупно средства** | **46.099** | **203.821** | **530.412** | **107** | **-** | **745.364** |
| Обврски спрема поврзани друштва | - | 558 | - | - | - | 558 |
| Обврски спрема добавувачи | 17.965 | 2.997 | (248) | - | - | 20.713 |
| Обврски за даноци и придонеси | 9.803 | - | - | - | - | 9.803 |
| Обврски спрема вработени | 24.661 | - | - | - | - | 24.661 |
| Тековни даночни обврски | 3.948 | - | - | - | - | 3.948 |
| Обврски по земи и кредити | 977.654 | - | - | - | - | 977.654 |
| Останати обврски | - | 108.220 | - | 1.088 | - | 109.308 |
| **Вкупно обврски** | **1.034.031** | **111.775** | **(248)** | **1.088** | **-** | 1.146.646 |

**Во илјади (000) денари**

**2024**

| | **Недоспеани** | **До 3 месеци** | **Од 3 до 12 месеци** | **Од 1 до 3 години** | **Над 3 години** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Парични средства | - | 85.112 | - | - | - | 85.112 |
| Побарувања од купувачи | 19.311 | 1.185 | 95 | - | - | 20.591 |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | - | - | - | 20 | - | 20 |
| Побарувања од вработени | - | 139 | - | - | - | 139 |
| Долгорочни финансиски средства | 22.978 | - | 370.283 | - | - | 393.261 |
| **Вкупно средства** | **42.289** | **86.436** | **370.378** | **20** | **-** | **499.123** |
| Обврски спрема поврзани друштва | - | 566 | - | - | - | 566 |
| Обврски спрема добавувачи | 12.086 | (162) | (259) | 4 | 28 | 11.734 |
| Обврски за аванси депозити и кауции | - | - | - | - | - | - |
| Обврски за даноци и придонеси | - | 7.925 | - | - | - | 7.925 |
| Обврски спрема вработени | - | 18.766 | - | - | - | 18.766 |
| Тековни даночни обврски | - | 2.254 | | | | 2.254 |
| Обврски по земи и кредити | 778.785 | - | - | - | - | 778.785 |
| Останати обврски | - | 12.914 | - | - | - | 12.914 |
| **Вкупно обврски** | **790.871** | **42.263** | **(259)** | **4** | **28** | **832.944** |

## БЕЛЕШКА 5. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

| Приходи од продажба | Во илјади (000) МКД<br>2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Приходи од продажба на добра во странство** | **606.900** | **418.633** |
| **Приходи од продажба на добра (производи) и услуги во земјата** | **540.646** | **159.645** |
| Приходи од продажба на производи -тутун во земјата | 340.984 | - |
| Останати приходи од продажба на производи и услуги | 2.642 | 1.313 |
| Приходи од работење со ФМТКП | 196.129 | 157.198 |
| Приходи од продажба на електрична енергија | 891 | 1.133 |
| **Приходи од продажба на материјали, резервни делови и отпадоци** | **1.749** | **1.132** |
| Приходи од резервни делови и отпадоци | 160 | 114 |
| Приходи од продажба на материјали на тутунопроизводители | 1.588 | 1.018 |
| **Приходи од наемнини** | **11.251** | **11.072** |
| **Приходи од надомест за отстапување на лиценци и права** | **10.809** | **11.691** |
| **Останати приходи** | **15** | **188** |
| **Вкупно** | **1.171.370** | **602.361** |

## БЕЛЕШКА 6. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| Останати приходи | Во илјади (000) МКД<br>2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба на материјали и отпадоци | 14.798 | 8.997 |
| Вишоци | 1 | 13 |
| Приходи од премии, субвенции, дотации и донации | 618 | - |
| Останати приходи од работењето | 75 | 152 |
| **Вкупно** | **15.492** | **9.162** |

## БЕЛЕШКА 7. ПРОМЕНА НА ВРЕДНОСТА НА ЗАЛИХИ НА ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ И НА НЕДОВРШЕНО ПРОИЗВОДСТВО

| Промена на вредноста на залихи | Во илјади (000) МКД<br>2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Залихи на готови производи и на недовршено производство на почетокот на годината | 1.238 | 176 |
| Залихи на готовите производи и на недовршено производство на крајот на годината | 6.148 | 1.238 |
| **Промена на вредноста на залихи на готови производи и на недовршено производство** | **4.910** | **1.062** |

## БЕЛЕШКА 8. ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ

| Трошоци за суровини и материјали | Во илјади (000) МКД<br>2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Суровини и материјали** | **711.064** | **314.132** |
| Суровини и материјали - тутун | 709.309 | 312.724 |
| Останати материјали | 1.756 | 1.407 |
| **Енергија** | **40.640** | **31.909** |
| Топлотна енергија | 17.284 | 10.714 |
| Електрична енергија | 21.957 | 19.361 |

| | | |
|---|---|---|
| Гориво | 1.399 | 1.834 |
| **Резервни делови и материјали за одржување** | **9.736** | **9.430** |
| **Ситен инвентар, амбалажа и автогуми** | **2.547** | **1.244** |
| **Вкупно** | **763.988** | **356.716** |

## БЕЛЕШКА 9. НАБАВНА ВРЕДНОСТ НА ПРОДАДЕНИ СТОКИ

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| **Набавна вредност на продадени стоки** | **2025** | **2024** |
| Набавна вредност на продадени добра (стоки) | - | 188 |
| Набавна вредност на продадени нетековни средства | 10 | 4 |
| **Вкупно** | **10** | **192** |

## БЕЛЕШКА 10. НАБАВНА ВРЕДНОСТ НА ПРОДАДЕНИ МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, СИТЕН ИНВЕНТАР, АМБАЛАЖА И АВТОГУМИ

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| **Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми** | **2025** | **2024** |
| Амбалажа, репроматеријали, заштитни средства, семе за тутунари | 19.405 | 14.771 |
| **Вкупно** | **19.405** | **14.771** |

## БЕЛЕШКА 11. УСЛУГИ СО КАРАКТЕР НА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| **Услуги со карактер на материјални трошоци** | **2025** | **2024** |
| Транспортни услуги | 14.476 | 11.808 |
| Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет | 3.655 | 3.806 |
| Услуги за одржување и заштита | 3.962 | 7.005 |
| Комунални услуги | 10.009 | 10.793 |
| Наем - лизинг | 659 | 692 |
| Останати услуги | 3.804 | 6.304 |
| Ферментирање на тутун | 71.555 | 18.585 |
| Трошоци со ФМТКП | 41.204 | 31.296 |
| **Вкупно** | **149.324** | **90.289** |

## БЕЛЕШКА 12. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| **Останати трошоци од работењето** | **2025** | **2024** |
| Трошоци за надомести и други примања на членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители | 1.250 | 3.681 |
| Спонзорства и донации | 490 | 229 |
| Репрезентација | 1.789 | 4.041 |
| Осигурување | 4.181 | 5.400 |
| Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 1.409 | 1.335 |
| Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки | 1.885 | 3.717 |

| | | |
|---|---|---|
| Трошоци за користење на права (освен наем) | - | 70 |
| Сезонски работници | 21.056 | 16.989 |
| Адвокатски интелектуални и други трошоци | 2.178 | 1.598 |
| Останати трошоци на работењето | 1.758 | 1.117 |
| **Вкупно** | **35.996** | **38.175** |

## БЕЛЕШКА 13. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

| | **Во илјади (000) МКД** | |
|---|---|---|
| **Трошоци за вработени** | **2025** | **2024** |
| Плата и надоместоци на плата - бруто | 288.679 | 258.179 |
| Останати трошоци за вработените | 18.855 | 17.601 |
| Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци | 578 | 500 |
| Надоместоци на трошоци на вработените и подароци | 257 | 272 |
| **Вкупно** | **308.369** | **276.553** |

## БЕЛЕШКА 14. АМОРТИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА

| | **Во илјади (000) МКД** | |
|---|---|---|
| **Амортизација на основни средства** | **2025** | **2024** |
| Амортизација на нематеријални средства | 2.929 | 3.685 |
| Амортизација на материјални средства | 17.362 | 18.592 |
| Амортизација на вложувања во недвижности | 991 | 991 |
| **Вкупно** | **21.283** | **23.268** |

## БЕЛЕШКА 15. ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ/ТЕКОВНИ СРЕДСТВА

| | **Во илјади (000) МКД** | |
|---|---|---|
| **Вредносно усогласување на нетековни/тековни средства** | **2025** | **2024** |
| Вредносно усогласување на краткорочни побарувања | 10.882 | 445 |
| Вредносно усогласување на залихи | - | 9.750 |
| **Вкупно** | **10.882** | **10.195** |

Вредносното усогласување на краткорочни побарувања се однесува на застарени побарувања од тутунопроизводителите кои се однесуваат на минати години.

## БЕЛЕШКА 16. ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

| | **Во илјади (000) МКД** | |
|---|---|---|
| **Останати расходи од работењето** | **2025** | **2024** |
| Кусоци, кало, растур, расипување и кршење | - | 359 |
| Останати расходи од работењето | 2 | 714 |
| **Вкупно** | **2** | **1.073** |

## БЕЛЕШКА 17. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ

| Финансиски приходи | Во илјади (000) МКД 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Приходи од вложувања во поврзани друштва | 568.994 | 403.081 |
| Приходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва | 1.650 | - |
| Приходи врз основа на позитивни курсни разлики од работењето со неповрзани друштва | 1.690 | 184 |
| Приходи од вложувања во неповрзани друштва | 1.200 | 1.141 |
| **Вкупно** | **573.534** | **404.406** |

Приходи од вложувања во поврзани друштва се однесуваат на учеството на Тутунски Комбинат АД Прилеп во капитално поврзаното друштвото ФМТКП ДОО Скопје по основ на заедничко вложување со Филип Морис Интернационал во соодност 49% - 51% по методот на капитал. Сметководствено истите се евидентирани како вложувања во придружени ентитети (учество во заеднички вложувања) и во финансиски приходи (приходи од вложување во поврзани друштва и останати надополнувања). Делот од дивиденда кој според вложувањето во капитално поврзаното друштво ФМТКП ДОО Скопје му припаѓа на Тутунски Комбинат АД Прилеп изнесува 529.188 илјади денари. Разликата во износ од 39.806 илјади денари се однесува на дополнување на дивиденда остварена во претходната година.

| | Во илјади (000) МКД | 2024 |
|---|---|---|
| Финансиски резултат на Друштвото ФМТКП ДОО Скопје | 1.079.976 | 755.440 |
| Дивиденда за распределба | 1.079.976 | 755.440 |
| Учество на Тутунски Комбинат АД Прилеп во дивидендата за распределба | 49% | 49% |
| **Дивиденда која му припаѓа на Тутунски Комбинат АД Прилеп** | **529.188** | **370.283** |

## БЕЛЕШКА 18. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

| Финансиски расходи | Во илјади (000) МКД 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Расходи врз основа на камати | 29.305 | 24.337 |
| Расходи врз основа на негативни курсни разлики | 2.616 | 776 |
| **Вкупно** | **31.920** | **25.112** |

## БЕЛЕШКА 19. УДЕЛИ ВО ДОБИВКАТА (ЗАГУБАТА) НА ПРИДРУЖЕНИТЕ ДРУШТВА

Во 2014 година Друштвото стекна капитално учество од 49% во Друштво ФМТКП ДОО Скопје со внесен паричен влог во износ од 151 илјади денари. Основната дејност на ФМТКП ДОО Скопје е трговија на големо со производи од тутун. Капиталното учество во ова придружено друштво е евидентирано по набавна вредност со примена на методот на главнина. Финансиската состојба и резултатите од работењето на придруженото друштво за тековната и претходната година е како што следи:

| Извештај за финансиската состојба | Во илјади (000) МКД 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Нетековни средства | 462.163 | 451.048 |
| Тековни средства | 1.865.397 | 1.400.234 |
| АВР | 393.040 | 319.303 |
| **Вкупно средства** | **2.720.601** | **2.170.586** |
| Долгорочни обврски | 76.304 | 3.101 |
| Тековни обврски | 1.317.482 | 1.194.641 |
| ПВР | 244.304 | 213.194 |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно обврски** | **1.638.090** | **1.410.936** |
| **Нето средства** | **1.082.510** | **759.649** |

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| **Извештај за сеопфатна добивка** | **2025** | **2024** |
| Приходи | 4.958.332 | 3.895.667 |
| Расходи | 3.709.131 | 2.975.183 |
| **Добивка пред оданочување** | **1.249.201** | **871.775** |
| **Данок на добивка** | **169.225** | **116.334** |
| **Добивка/загуба по оданочување** | **1.079.976** | **755.440** |

Пресметката на уделот на Тутунски комбинат АД Прилеп во резултатите од работењето на ФМТКП ДОО Скопје согласно методот на главнина е:

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| **Извештај за сеопфатна добивка** | **2025** | **2024** |
| Нето средства | 1.082.510 | 759.649 |
| **Износ на вложувањето во придруженото друштво** | **(151)** | **(151)** |
| Учество од 49% во нето средствата | 530.279 | 372.077 |
| **Признаен удел во позитивни нето средства** | **530.279** | **370.283** |
| **Непризнаен удел во негативни нето средства** | **-** | **-** |

## БЕЛЕШКА 20. ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| **Добивка/Загуба пред оданочување** | **2025** | **2024** |
| **Оперативна добивка/загуба** | **(117.487)** | **(198.646)** |
| Оперативни приходи | 1.191.772 | 612.585 |
| Оперативни расходи | 1.309.258 | 811.231 |
| **Финансиска добивка** | 541.614 | **379.294** |
| **Вкупно** | **424.127** | **180.648** |

## БЕЛЕШКА 21. ДАНОК НА ДОБИВКА

Согласно важечките законски прописи Друштвото пресметува и плаќа данокот на добивка на остварената добивка во тековната година, на непризнатите расходи и на помалку искажаните приходи по стапка од 10% (2024: 10%).

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| **Пресметка на данок на добивка** | **2025** | **2024** |
| Финансиски резултат од БУ | 424.127 | 180.648 |
| Непризнати расходи за даночни цели | 17.184 | 10.427 |
| Даночна основа | 441.312 | 191.075 |
| Намалување на даночна основа | 411.289 | 320.309 |
| Даночна основа по намалување | 30.023 | - |
| Пресметан данок на добивка (10% x даночна основа) | 3.002 | - |
| Намалување на пресметаниот данок на добивка | - | - |
| **Пресметан данок на добивка по намалување** | **3.002** | **-** |

## БЕЛЕШКА 22. НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| **Нето добивка/загуба** | **2025** | **2024** |
| Нето добивка/загуба | 421.125 | 180.648 |
| **Вкупно** | **421.125** | **180.648** |

## БЕЛЕШКА 23. ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| **Останата сеопфатна добивка** | **2025** | **2024** |
| Добивки/загуби од повторно мерење на финансиски средства расположливи за продажба | 952 | 4.420 |
| Останати усогласувања | 1.091 | - |
| **Вкупно** | **2.043** | **4.420** |

## БЕЛЕШКА 24. ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ГОДИНАТА

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| **Вкупна сеопфатна добивка/загуба** | **2025** | **2024** |
| Нето добивка | 421.125 | 180.648 |
| Останата сеопфатна добивка | 2.043 | 4.420 |
| **Вкупно** | **423.167** | **185.068** |

## БЕЛЕШКА 25. ОСНОВНА ДОБИВКА/ЗАГУБА ПО АКЦИЈА

Основната добивка/загуба по акција се пресметува по пат на делење на нето добивката која им припаѓа на имателите на обични акции (по намалувањето за делот од добивката после оданочување за имателите на приоритетни акции), со пондерираниот просечен број на обични акции во оптек во текот на годината.

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| | **2025** | **2024** |
| Добивка по оданочување | 421.125 | 180.648 |
| Добивка која им припаѓа на имателите на приоритетни акции | 6.269 | 2.689 |
| Добивка која припаѓа на имателите на обични акции | 414.856 | 177.959 |
| | | |
| Пондериран просечен број на обични акции во оптек | 2.701.030 | 2.701.030 |
| Приоритетни акции | 40.815 | 40.815 |
| **Основна добивка по акција (денари по акција)** | **153,59** | **65,89** |

## БЕЛЕШКА 26. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| | | Во илјади (000) МКД |
|---|---|---|
| **Вид на основно средство** | **Софтвер и останати права** | **Вкупно** |
| **Набавна вредност на НС (состојба на 01.01.2025)** | **21.213** | **21.213** |
| -директни зголемувања | - | - |
| -прекнижувања | - | - |
| -расходи и отуѓувања | - | - |

| | | |
|---|---|---|
| -ревалоризација | - | - |
| **Состојба на НС на 31.12.2025** | **21.213** | **21.213** |
| **Исправка на НС на 01.01.2025** | **(16.791)** | **(16.791)** |
| -амортизација | (2.929) | (2.929) |
| -расходи и отуѓувања | - | - |
| -ревалоризација | - | - |
| **Состојба на исправката на НС на 31.12.2025** | **(19.720)** | **(19.720)** |
| **Сегашна вредност на 31.12.2025** | **1.493** | **1.493** |

**Во илјади (000) МКД**

| **Вид на основно средство** | **Софтвер и останати права** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| **Набавна вредност на НС (состојба на 01.01.2024)** | **21.213** | **21.213** |
| -директни зголемувања | - | - |
| -прекнижувања | - | - |
| -расходи и отуѓувања | - | - |
| -ревалоризација | - | - |
| **Состојба на НС на 31.12.2024** | **21.213** | **21.213** |
| **Исправка на НС на 01.01.2024** | **(13.106)** | **(13.106)** |
| -амортизација | (3.685) | (3.685) |
| -расходи и отуѓувања | - | - |
| -ревалоризација | - | - |
| **Состојба на исправката на НС на 31.12.2024** | **(16.791)** | **(16.791)** |
| **Сегашна вредност на НС на 31.12.2024** | **4.423** | **4.423** |

## БЕЛЕШКА 27. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

**Во илјади (000) МКД**

| **Вид на основно средство** | **Земјишта** | **Градежни објекти** | **Постројки и опрема** | **Алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност на ОС (состојба на 01.01.2025)** | **265.258** | **1.211.960** | **742.172** | **167.313** | **2.386.703** |
| -директни зголемувања | - | 235 | 3.802 | 3.555 | 7.592 |
| -прекнижувања | - | - | - | - | - |
| -расходи и отуѓувања | - | - | (26.092) | - | (26.092) |
| -ревалоризација | - | - | - | - | - |
| **Состојба на ОС на 31.12.2025** | **265.258** | **1.212.195** | **719.882** | **170.868** | **2.368.204** |
| **Исправка на ОС на 01.01.2025** | | **(1.145.755)** | **(697.198)** | **(166.422)** | **(2.009.375)** |
| -амортизација | | (9.285) | (6.976) | (1.101) | (17.362) |
| -расходи и отуѓувања | | - | 26.092 | - | 26.092 |
| -ревалоризација | | - | - | - | - |
| **Состојба на исправката на ОС на 31.12.2025** | | **(1.155.040)** | **(678.083)** | **(167.522)** | **(2.000.646)** |
| **Сегашна вредност на ОС на 31.12.2025** | **265.258** | **57.155** | **41.799** | **3.346** | **367.558** |

Во илјади (000) МКД

| Вид на основно средство | Земјишта | Градежни објекти | Постројки и опрема | Алат, инвентар, мебел и транспортни средства | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност на ОС (состојба на 01.01.2024)** | **265.258** | **1.211.960** | **740.372** | **168.283** | **2.385.874** |
| -директни зголемувања | - | - | 1.961 | 21 | 1.982 |
| -прекнижувања | - | - | - | - | - |
| -расходи и отуѓувања | - | - | (162) | (991) | (1.153) |
| -ревалоризација | - | - | - | - | - |
| **Состојба на ОС на 31.12.2024** | **265.258** | **1.211.960** | **742.172** | **167.313** | **2.386.703** |
| **Исправка на ОС на 01.01.2024** | **-** | **(1.135.719)** | **(689.993)** | **(166.223)** | **(1.991.935)** |
| -амортизација | - | (10.035) | (7.367) | (1.190) | (18.592) |
| -расходи и отуѓувања | - | - | 162 | 991 | 1.153 |
| -ревалоризација | - | - | - | - | - |
| **Состојба на исправката на ОС на 31.12.2024** | **-** | **(1.145.755)** | **(697.198)** | **(166.422)** | **(2.009.375)** |
| **Сегашна вредност на ОС на 31.12.2024** | **265.258** | **66.206** | **44.973** | **891** | **377.328** |

Сите недвижности, постројки и опрема со кои располага Друштвото се користат за обавување на неговите деловни активности. Значаен дел од материјалните средства се дадени како хипотека или залог за обезбедување по кредитни задолженија спрема деловните банки.

## БЕЛЕШКА 28. ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ

Во илјади (000) МКД

| Вложувања во недвижности | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Вложувања во недвижности за наем | 39.635 | 39.635 |
| Акумулирана амортизација на вложувања во недвижности | (37.552) | (36.561) |
| **Вкупно** | **2.083** | **3.074** |

## БЕЛЕШКА 29. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Во илјади (000) МКД

| Долгорочни финансиски средства | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| септ | 38.546.000 | 39.306.400 | 30.166.800 |
| окт | 18.479.600 | 30.541.400 | 43.503.400 |
| ноем | 62.047.000 | 42.945.600 | 29.741.600 |
| дек | 51.136.200 | 41.881.600 | 28.281.600 |
| Grand Total | 388.279.800 | 438.446.800 | 446.427.400 |
| ПОРАСТ/ПАД | | 12,9% | 1,8% |
| | | 2024 vs 2023 | 2025 vs 2024 |
| | | | 14,98% |

Формат 6.0

| Произведено | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|
| јан | - | 3.770.000 | 45.692.000 |
| фев | - | 26.820.000 | 60.737.600 |
| мар | - | 26.649.640 | 42.520.000 |
| апр | - | 37.110.000 | 51.161.800 |
| мај | - | 18.170.000 | 65.906.600 |
| јун | 1.560.000 | 34.650.400 | 58.677.200 |
| јул | 22.370.000 | 42.988.000 | 77.222.400 |
| авг | 36.702.000 | 41.660.000 | 64.349.600 |
| септ | 30.590.000 | 40.588.600 | 66.794.800 |
| окт | 26.020.000 | 44.620.000 | 44.710.000 |
| ноем | 13.482.000 | 52.214.400 | 91.940.000 |
| дек | 9.670.000 | 52.942.200 | 79.642.000 |
| Grand Total | 140.334.000 | 422.183.240 | 749.354.000 |
| ПОРАСТ/ПАД | | 200,8% | 77,5% |
| | | 2024 vs 2023 | 2025 vs 2024 |
| | | | 433,98% |

# ПРОЦЕНТУАЛНО УЧЕСТВО НА ФОРМАТИ ВО ВКУПНОТО ПРОИЗВОДСТВО

Од јуни 2023 година, "питата" за процентуално учество се дели на четири делови, односно формати со кои работиме. Новиот формат 6.0 веќе доминира со 54%, најмногу на сметка на форматот 7.0 кој сега учествува со 32% од вкупното производство во периодот јануари-декември 2025, за разлика од 2024, кога учеството беше 42%.

Months (All)

| Произведено | 2023 |
|---|---|
| SOFT | 144.040.000 |
| RCB | 96.657.600 |
| 7.0 | 388.279.800 |
| 6.0 | 140.334.000 |
| Grand Total | 769.311.400 |

Months (All)

| Произведено | 2024 |
|---|---|
| SOFT | 105.414.200 |
| RCB | 87.211.800 |
| 7.0 | 438.446.800 |
| 6.0 | 422.183.240 |
| Grand Total | 1.053.256.040 |

Months (All)

| Произведено | 2025 |
|---|---|
| SOFT | 110.590.600 |
| RCB | 85.020.400 |
| 7.0 | 446.427.400 |
| 6.0 | 749.354.000 |
| Grand Total | 1.391.392.400 |









# ПРОИЗВОДСТВО НА ФИЛТЕР СТАПЧИНА

Производството на филтер стапчиња во периодот јануари-декември 2025 е поголемо за 15,8% во однос на истиот лански период. Во октомври годинава е второто а во март третото најголемото производство воопшто анализирано од септември 2014.

| Row Labels | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | Grand Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| јан | 4.552.690,00 | 3.634.810,00 | 4.692.980,00 | 336.000,00 | | | | 10.661.500,00 | 8.895.570,00 | 16.814.160,00 | 9.240.880,00 | 58.828.590,00 |
| фев | 5.756.022,00 | 1.513.528,00 | 4.848.070,00 | 2.513.940,00 | 2.619.650,00 | 2.922.750,00 | | 8.905.980,00 | 13.044.660,00 | 6.901.450,00 | 15.253.420,00 | 64.279.470,00 |
| мар | | 6.113.662,00 | 5.913.110,00 | | 3.611.220,00 | 3.628.540,00 | 571.560,00 | 12.370.050,00 | 15.759.170,00 | 19.619.950,00 | 20.327.920,00 | 87.915.182,00 |
| апр | 3.990.918,00 | 5.978.554,00 | 5.204.358,00 | | 3.719.470,00 | 4.399.280,00 | 1.931.180,00 | 9.679.600,00 | 8.406.290,00 | 15.304.860,00 | 14.617.900,00 | 73.232.410,00 |
| мај | 3.003.550,00 | 4.675.788,00 | 6.385.376,00 | 1.780.350,00 | 4.767.330,00 | 5.784.880,00 | 2.810.170,00 | 17.240.930,00 | 15.188.120,00 | 17.845.150,00 | 19.436.190,00 | 98.917.834,00 |
| јун | 5.569.102,00 | 5.382.720,00 | 5.592.072,00 | 7.859.280,00 | 6.412.730,00 | 1.420.240,00 | 3.355.750,00 | 10.279.210,00 | 13.948.560,00 | 10.489.110,00 | 10.897.180,00 | 81.205.954,00 |
| јул | 8.712.980,00 | 6.302.760,00 | 7.117.104,00 | 8.206.770,00 | 2.489.750,00 | 1.580.450,00 | 3.658.850,00 | 9.371.420,00 | 10.220.790,00 | 11.126.130,00 | 17.740.220,00 | 86.527.224,00 |
| авг | 4.475.510,00 | 7.768.584,00 | 2.972.672,00 | 7.601.880,00 | 3.832.050,00 | 4.013.910,00 | 3.515.960,00 | 17.359.890,00 | 10.332.100,00 | 9.170.880,00 | 11.412.400,00 | 82.455.836,00 |
| септ | 4.484.260,00 | 6.239.560,00 | 4.845.098,00 | 7.928.230,00 | 3.966.280,00 | 4.784.650,00 | 4.083.190,00 | 13.980.890,00 | 11.284.000,00 | 14.840.310,00 | 16.307.410,00 | 92.743.878,00 |
| окт | 4.694.504,00 | 12.044.848,00 | 5.135.130,00 | 7.962.870,00 | 5.152.700,00 | 8.833.200,00 | 3.286.470,00 | 4.943.640,00 | 11.521.630,00 | 10.651.180,00 | 21.209.700,00 | 95.435.872,00 |
| ноем | 2.627.160,00 | 12.727.568,00 | 4.628.548,00 | 8.750.930,00 | 5.239.300,00 | 8.032.150,00 | 4.096.180,00 | 14.441.650,00 | 30.516.310,00 | 16.065.200,00 | 14.500.590,00 | 121.625.586,00 |
| дек | 7.250.736,00 | 11.811.320,00 | 10.093.916,00 | 5.551.060,00 | 9.634.250,00 | 2.953.060,00 | 14.193.820,00 | 9.894.440,00 | 11.350.270,00 | 12.718.160,00 | 16.073.670,00 | 111.524.702,00 |
| **Grand Total** | **55.117.432,00** | **84.193.702,00** | **67.428.434,00** | **58.491.310,00** | **51.444.730,00** | **48.353.110,00** | **41.503.130,00** | **139.129.200,00** | **160.467.470,00** | **161.546.540,00** | **187.017.480,00** | **1.054.692.538,00** |



# Продажба на ориентален тутун

Според податоците во Табела бр. 1 може да се заклучи дека Тутунски комбинат АД Прилеп, во Погон Тутун, од реколтата 2024 во 2025 г. има откупено 1.779.248 килограми тутун.

**Табела бр.1 Планиран, реализиран откуп и спакувана количина на тутун (2017-2025 год.)**

| Реколта | План за откуп во кг. | Реализиран откуп во кг. | Спакуван тутун во кг. |
|---|---|---|---|
| 2017 | 2.640.850 | 2.513.427 | 2.410.265 |
| 2018 | 2.854.844 | 2.808.386 | 2.541.003 |
| 2019 | 2.855.374 | 2.923.000 | 2.699.760 |
| 2020 | 2.564.340 | 3.802.480 | 3.604.660 |
| 2021 | 2.597.574 | 2.207.774 | 2.031.013 |
| 2022 | 2.713.191 | 1.739.003 | 1.566.369 |
| 2023 | 2.429.457 | 856.875 | 711.285 |
| 2024 | 2.002.00 | 1.779.248 | 1.441.400 |
| 2025 | 2.336.749 | 2.582.998 | |

Откупениот тутун е преработен и спакуван во капацитетите на фабриката Сокотаб-Битола, Драгожани со користење на Soft Dry технологија и најголем дел од овој тутун е продаден на Philip Morris International, а остатокот е продаден на SEKE DOOEL Prilep и Nicos Gleoudis Kavex – Грција.

**Табела бр. 2 Спакуван тутун по индустриски класи**

| Класа | Купувач | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| | PMI | SEKE DOOEL Prilep | Nicos Gleoudis Kavex | Free | |
| AB | | 416.500 | | | 416.500 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ABC** | 890.400 | | | 2.660 | **893.060** |
| **D** | 89.880 | | 34.160 | | **124.040** |
| **DDD** | | | | 7.800 | **7.800** |
| **Вкупно тутун** | **980.280** | **416.500** | **34.160** | **10.460** | **1.441.400** |
| **ситнавина** | | | | 17.120 | **17.120** |
| **ВКУПНО** | | | | | **1.458.520** |

Во 2025 година, од реколта 2024 спакувани се вкупно 1.441.400 кг. тутун (прикажан во Табела бр 2 по индустриски класи), и продадена е скоро целокупната спакувана количина, освен 2.660 кг. ABC класа и 7.800 кг. DDD класа, како и спакуваната ситнавина од реколта 2023 и реколта 2024 год. во вкупна количина од 19.600 кг. која е нус производ од процесирањето.

Од реколта 2025 заклучно со 31.12.2025 год. откупени се 2.370.515 килограми тутун, додека пак заклучно со 28.02.2026г. се дооткупени уште 212 483 кг. тутун или вкупно се откупени 2.582.998 килограми тутун.

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
А.Д. ПРИЛЕП

## Позначајни активности на извршните членови на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп во текот на 2025г.

Деловната 2025 година Тутунски комбинат АД Прилеп ја заврши со позитивен финансиски резултат од 424.127.000 денари.

Следејќи ја новата споделена визија на Одборот на директори на ТУТ КОМ АД Прилеп за еволутивен раст на компанијата, како извршни директори за тековната 2025 година ги реализиравме следните активности за успех на мисијата од оваа важна функција:

- Следствено, врз основа на резултатите од парето анализата од претходната година, имаме подобрување на маркетиншки пристап на нашата компанија на пазарот за откуп на тутун со нова проактивна пазарна стратегија, со примена на агресивни пазарни тактики за зајакнување на веќе постоечката пазарна позиција на Тутунски комбинат АД Прилеп на пазарот на откуп на тутун.
- Спорведување на веќе креираните компаниските политики за откуп на тутун кои ги поставивме претходната година.
- Подобрување на оспособеноста на откупните пунктови на ТУТ КОМ АД Прилеп за откуп на тутун.
- Одржување на проактивен однос со кооперантите.
- Континуирао одржување на функционални контролни и управувачки механизми во работата на персоналот во делот на откуп и манипулација со откупениот тутун.
- Одржување на здрава организациска клима и поттик на ефективни вредности на организациската култура.
- Отпочната функционала поставеност на службата за внатрешна ревизија.

Активно функционирање на работен процес за безбедно и безбедносно складирање и манипулација со откупениот тутун.

- Проширување на мрежата за откуп на тутун со нови 8 откупни пунктови.

- Креиран работен процес за кризно менаџирање и манипулација со зголемени количини на откупен тутун.
- Извршена е санација на кровните конструкции во магацините за складирање на зелен тутун.
- Санација на подовите во магацинските простори за манипулација на тутун
- Санација на водоводни дефеци во кругот на погон Цигари и погон Тутун
- Подобрување и обнова на возниот парк во погон Тутун, (3 возила Renault kangoo, 1 товарно возило Iveco daily) со самата инвестиција се оптимизираа трошоците за транспорт на тутунот а воедно се подобрија условите за работа на самите вработени
- Сервисирање и оспособување на две товарни возила Volvo камион.
- Подобрување на магацинското работење преку набавка на мобилни ленти (4 парчиња) кои го забрзуваат товарањето и растовар на тутун, монтажа на телескопска лента на перон.
- Санација на ударни дупки во кругот на фабриката за Цигари и погон Тутун со нов асфалт (400квадрати).
- Набавка на нови 6 ваги за дополнителни откупни пунктови во реколта 2025.
- Подобрување на условите на работа на работниците во погон Тутун, 16 реновирани простории со пвц дограма и клима за ладење и греење во зависно од сезоната.

- Како резултат на ефективно и ефикасно реализирање на погоре наведените активности имаме пораст во 2025 год. од 45,17% на откупен тутун во однос на претходната година.

- Организирање на годишен попис, формирање на комисии во сите сектори на компанијата.

- Во текот на целата 2025 година од наша страна како извршни директори беа спроведени низа оперативни и стратешки активности со цел оптимизација на процесите и во погон Цигари, зголемување на продуктивноста и одржување на квалитетот на производството на цигари како готов производ и филтер стапчиња како полупроизвод.

- Во месец Јули беше реализирано најголемото производство од 148 615 800 пушачки единици за деловната 2025 година. Исто така тоа е најголемото месечно производство досега реализирано во фабриката за Цигари од Септември 2014 год, односно од самото започнување на соработката на Тутунски комбинат АД Прилеп со PMI преку заедничката компанија ФМТКП.
- Кон крајот на 2025 год започнати се преговори со ФМТКП за имплементација на нова машина од генерација 6.0 која ќе произведува Extra Slim цигари. Со воведувањето на оваа опрема се очекува значително зголемување на производствениот капацитет, подобрување на квалитетот и оптимизација на оперативните трошоци.
- Воедно се изврши санација на подната површина со примена на епоксидна смола од еколошки прифатлив состав , со што се обезбедува усогласеност со стандардите за работа во прехранбена индустрија, вклучително и барањата на HACCP и ISO 22000. Со самата интервенција ќе се постигне значително подобрување на инфраструктурните услови, создавајќи рамна, непропустлива и санитарно безбедна површина со што се овозможува сигурна и ефикасна имплементација и експлоатација на новата машина во производствениот процес. Лесно одржување на хигиена и подобрување на условите за работа на самите вработени.

- Координација со раководните лица на пооделните сектори во рамките на фабрикација и навремено решавање на тековните проблеми.

- Активно учество и контрола врз целата процедура за навремена набавка и увоз на резервни делови за машините во погонот Цигари на кои се одвива целокупното производство за да се избегне било каков застој кој би предизвикал несакани трошоци.
- Реновирање и опремување на нова просторија за пушење цигари во погон цигари.

- Во текот на 2025 год. во погон Цигари успеавме да го зголемиме производството за 32,1% повеќе во однос на претходната 2024 година, што претставува значителен раст и потврда за подобрена ефикасност на производствените процеси.

- Овој пораст од 32,1% на производството е резултат на координираните активности на менаџерскиот тим, вклучувајќи стратешко планирање, оптимизација на производните операции, унапредување на организацијата на човечките ресурси.

- Исто така во 2025 год. е целосно изготвен и завршен проект за возобновување на интернет мрежата во погон Цигари , возобновување на веќе постоечките безбедносни камери, контрола на пристап за влез и излез и движење на вработените во погон Цигари, како и електронска евиденција на работно време.
- Изготвивме идеен проект за субституција на Метанот како гориво за потребите на енергестксите постројки со кои се овозможува затоплување на производствениот погон со Руф топ систем кој што работи на електрична енергија. Со имплементација на самиот проект ќе се подобри поголема искористенот на електричната енергија од сопствената фотонапонска централа и намалување на трошоците за енергија.

- Се прошири кредитната рамка од синдицираниот кредит поради зголемениот број на склучени договори и зголемената количина на откупен тутун и се овозможи навремено да се сервисираат обврските кон самите кооперанти.

Превземени беа и многу други активности во текот на целата 2025 година се со цел да се остварат главните цели на менаџерски тим за успешно работење на Тутунски комбинат АД Прилеп преку зголемување и унапредување на производството. Како и зголемување на капацитетите за производство со воведување на нова машина, проширување на палетата на производи а со тоа и зголемување на бројот на пазарите за извоз на цигари.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ НА ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП

Управувањето со Тутунски комбинат АД Прилеп е организирано според едностепен систем на управување (Одбор на директори) составен од 7 (седум) членови од кои 3(три) извршни членови и 4 (четири неизвршни членови ) како следи:

| Р.бр. | Име и презиме | Функција во Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп | Образование |
|---|---|---|---|
| 1 | Александар Алексовски | Извршен член и Генерален извршен директор | Дипломиран економист |
| 2 | Зоран Петрески | Извршен директор задолжен за прашања на вработените во | Доктор на науки по јавна администрација |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Тутунски комбинат АД Прилеп и односи со нив | |
| 3 | Афродита Настеска | Извршен директор задолжен за фабрикација | Магистер по еконимски науки |
| 4 | Сашо Вељаноски | Неизвршен независен член и Претседател на Одобор на директори | Дипломиран економист |
| 5 | Александар Кузманоски | Неизвршен независен член | Дипломиран економист |
| 6 | Гоце Николоски | Неизвршен член | Дипломиран менаџер по царина и шпедиција |
| 7 | Афродита Баталоска | Неизвршен член | Магистер по казнено право |

Согласно одредбите од Кодексот за корпоративно упавување, Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп како што е наведено погоре брои 7 (седум) членови од кои двајца членови се од женски пол, што секако претставува приближување кон исполнување на целта да се обезбеди Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп во својот состав да има најмалку 30% жени.

Награда – паричен надоместок и додатоци на плата исплатени на извршни членови на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп во текот на 2025г.

| Александар Алексовски | | Исплати во Тутунски комбинат АД Прилеп во 2025г. во денари | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр. | Основ | Нето исплати | Данок | Придонеси | Бруто исплати |
| 1 | Плата | 1.683.521 | 173.446 | 722.155 | 2.579.122 |
| 2 | Регрес | | | | |
| 3 | Новогодишен надоместок | | | | |
| | Вкупно | 1.683.521 | 173.446 | 722.155 | 2.579.122 |

| Зоран Петрески | | Исплати во Тутунски комбинат АД Прилеп во 2025г. во денари | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр. | Основ | Нето исплати | Данок | Придонеси | Бруто исплати |
| 1 | Плата | 1.552.921 | 159.268 | 667.020 | 2.382.209 |
| 2 | Регрес | | | | |
| 3 | Новогодишен надоместок | | | | |
| | Вкупно | 1.552.921 | 159.268 | 667.020 | 2.382.209 |

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
А.Д. ПРИЛЕП

| Афродита Настеска | | Исплати во Тутунски комбинат АД Прилеп во 2025г. во денари | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр. | Основ | Нето исплати | Данок | Придонеси | Бруто исплати |
| 1 | Плата | 1.355.547 | 137.005 | 580.437 | 2.072.989 |
| 2 | Регрес | | | | |
| 3 | Новогодишен надоместок | | | | |
| | Вкупно | 1.355.547 | 137.005 | 580.437 | 2.072.989 |

| Афродита Настеска | | Исплати надвор од Тутунски комбинат АД Прилеп во 2025г. во денари-родителски додаток за трето дете | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр. | Основ | Нето исплати | Данок | Придонеси | Бруто исплати |
| 1 | Додаток | 110.292,00 | / | / | |
| | Вкупно | 110.292,00 | | | |

| Сашко Вељаноски | | Исплати во Тутунски комбинат АД Прилеп во 2025г. во денари | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр. | Основ | Нето исплати | Данок | Придонеси | Бруто исплати |
| 1 | Паушал | 281.202 | 31.246 | | 312.448 |
| 2 | Регрес | | | | |
| 3 | Новогодишен надоместок | | | | |
| | Вкупно | 281.202 | 31.246 | | 312.448 |

| Александар Кузманоски | | Исплати во Тутунски комбинат АД Прилеп во 2025г. во денари | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр. | Основ | Нето исплати | Данок | Придонеси | Бруто исплати |
| 1 | Паушал | 281.202 | 31.246 | | 312.448 |
| 2 | Регрес | | | | |
| 3 | Новогодишен надоместок | | | | |
| | Вкупно | 281.202 | 31.246 | | 312.448 |

| Александар Кузманоски | | Исплати надвор од Тутунски комбинат АД Прилеп во 2025г. во денари-МАКОРБИТАЛ ДООЕЛ СКОПЈЕ | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр. | Основ | Нето исплати | Данок | Придонеси | Бруто исплати |
| 1 | Плата | 277.250 | 133.980 | | 411.230 |
| 2 | Регрес | 0 | | | |
| 3 | Новогодишен надоместок | 0 | | | |
| | Вкупно | 277.250 | 133.980 | | 411.230 |

| Александар Кузманоски | | Исплати надвор од Тутунски комбинат АД Прилеп во 2025г. во денари-ВПА ДИСТРИБУЦИЈА ПРИЛЕП | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр. | Основ | Нето исплати | Данок | Придонеси | Бруто исплати |
| 1 | Плата | 36.648 | 17.532 | | 54.180 |
| 2 | Регрес | 0 | | | |
| 3 | Новогодишен надоместок | 0 | | | |
| | Вкупно | 36.648 | 17.532 | | 54.180 |

| Гоце Николоски | | Исплати во Тутунски комбинат АД Прилеп во 2025г. во денари | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр. | Основ | Нето исплати | Данок | Придонеси | Бруто исплати |
| 1 | Паушал | 281.202 | 31.246 | | 312.448 |
| 2 | Регрес | | | | |
| 3 | Новогодишен надоместок | | | | |
| | Вкупно | 281.202 | 31.246 | | 312.448 |

| Гоце Николоски | | Исплати надвор од Тутунски комбинат АД Прилеп во 2025г. во денари - Николоски Консалтинг Дооел Прилеп | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр. | Основ | Нето исплати | Данок | Придонеси | Бруто исплати |
| 1 | Плата | 360.000,00 | 24.972,00 | 170.036,00 | 555.008,00 |
| 2 | Регрес | 18.140,00 | 2.015,00 | н/а | 20.155,00 |
| 3 | Новогодишен надоместок | н/а | н/а | н/а | н/а |
| | Вкупно | 378.140,00 | 26.987,00 | 170.036,00 | 575.163,00 |

| Афродита Баталоска | | Исплати во Тутунски комбинат АД Прилеп во 2025г. во денари | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр. | Основ | Нето исплати | Данок | Придонеси | Бруто исплати |
| 1 | Паушал | 281.202 | 31.246 | | 312.448 |
| 2 | Регрес | | | | |
| 3 | Новогодишен надоместок | | | | |
| | Вкупно | 281.202 | 31.246 | | 312.448 |

| Афродита Баталоска | | Исплати надвор од Тутунски комбинат АД Прилеп во 2025г. во денари – Македонска пошта АД Скопје | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр. | Основ | Нето исплати | Данок | Придонеси | Бруто исплати |
| 1 | Плата | 464.804,00 | / | / | 698.330,00 |
| 2 | Регрес | 12.500,00 | 1.389,00 | / | 13.889,00 |
| 3 | Новогодишен надоместок | / | / | / | / |
| | Вкупно | 477.304,00 | 1.389,00 | / | 712.219,00 |

Во текот на деловната 2025г. во периодот од 01.01.2025г. до 31.12.2025г. Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржа вкупно 24 седници од кои 20 седници со редовно физичко присуство и 4 со одлучување без одржување на седница согласно чл. 80 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп и чл.358 од Законот за трговските друштва.

КОРПОРАТИВНА ОДГОВОРНОСТ

Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп во текот на 2025г. остана посветен кон поблиско усогласување на своето работење и спроведување на сите добри корпоративни практики согласно Законот за трговските друштва и Кодексот за корпоративно управување преку примена на Етички Кодекс за вработените во Тутунски комбинат АД Прилеп, Политика за внатрешно пријавување во Тутунски комбинат АД Прилеп и Политика за избегнување на судир на интереси на Тутунски комбинат АД Прилеп кои беа донесени во текот на 2024г.

Политиката за внатрешно пријавување е составен дел од корпоративното управување и го поддржува создавањето транспарентна и етичка средина. Преку оваа политика, вработените и другите засегнати страни добиваат јасен канал за пријавување било какви нерегуларности, коруптивни пракси или прекршувања на интерните правила и законската регулатива. Со неа се гарантира доверливост на пријавите, како и заштита на "свиркачите" од било какви реперкусии или дискриминаторски мерки. Со ова се поттикнува култура на отчетност и искрено соработување, што е од клучно значење за долгорочната стабилност и углед на компанијата.

Политиката за избегнување на судир на интереси е клучна за зачувување на професионалниот интегритет и транспарентност во работењето. Преку оваа политика се дефинираат јасни процедури за идентификација, пријавување и управување со евентуални конфликти помеѓу личните и деловните интереси на вработените и другите засегнати страни. Се очекува секој поединец во компанијата да постапува одговорно и етички, особено кога се соочува со ситуации кои можат да ја загрозат објективноста или да создадат недоразбирања. Дополнително, се поттикнува култура на отворена комуникација, со цел сите вработени да бидат свесни за важноста на оваа политика и нејзиното влијание врз долгорочниот успех на организацијата.

Етичкиот кодекс на вработените во претставува темел за одговорно и транспарентно деловно однесување. Преку усвојување на јасни принципи и упатства, кодексот ги дефинира вредностите кои треба да ги почитува секој вработен, вклучувајќи интегритет, професионалност и почитување на законските норми и корпоративните политики. Овој кодекс ги опфаќа и меѓучовечките односи, охрабрувајќи инклузивност, соработка и почит кон разноликоста.

**ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ -Известување за ESG**

Согласно својата деловна политика ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД Прилеп остана посветен на помагање и поддршка на ранливите општествени сегменти, грижа и заштита на животната средина, унапредување на деловните процеси за позадоволни клиенти, посреќни вработени и поуспешни резултати, а се со цел зголемување на благосостојбата во општеството и обезбедување здрава и просперитетна иднина за сите граѓани.

Друштвото е особено насочено кон давање на поддршка на социјално загрозените категории граѓани, културата, спортот, уметноста.

Особено внимание во текот на годината беше посветено на овозможување практична настава за ученици од средни училишта.

***<u>ДОБРИ ДЕЛОВНИ ПРАКТИКИ И ГРИЖА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ</u>***

Грижата за вработените останува приоритет на друштвото. – Во текот на 2025 г. Тутунски комбинат АД Прилеп традиционално додели јубилејни награди на вработени кои оствариле 10, 20 и 30 години непрекинат работен стаж во Друштвото.

Друштвото во континуитет презема активности за задржување на постојниот и привлекување нов кадар, преку одржување на соодветно ниво на плати и надоместоци, стручно усовршување и други бенефиции. Во текот на 2025 година, Друштвото изврши зголемување на платите на вработените .

Просечната месечна нето плата од 38 105 денари во 2024 година порасна на 39 348 денари во 2025 година. Ова претставува позитивен сигнал за движењето на компензацијата и може да се толкува како подобрување на материјалната положба на вработените.

Соодносот на просечната плата на жена во однос на маж се подобрува од 91.0% на 92.8%. Иако платниот јаз не е целосно елиминиран, трендот е позитивен и покажува приближување кон поголема правичност во наградувањето.

Соодносот на највисоко исплатената плата наспроти просечната плата изнесува 29.8% во 2025 година. Овој индикатор упатува на релативно контролирана дистрибуција на платите и не сигнализира изразена нерамнотежа.

Друштвото исто така посветува особено внимание на примена на Законот за безбедност и здравје при работа со упатување на вработените на редовни здравствени систематски прегледи и упатување на обука на вработените по безбедност и здравје при работа .

Здравјето и безбедноста при работа е еден од највисоките приоритети. Ова поглавје се фокусира на досегашните активности, актуелните политики и идните иницијативи што нашата организација ги презема за минимизирање на различните фактори врз здравјето и безбедноста на нашите вработени.

Во контекст на наведеното Одборот на директори во текот на 2025г. донесе и усвои и Процедура за пријавување на поплаки од вработени поврзани со инциденти и можни ризици по здравјето и безбедноста при работа каде целта на оваа процедура е да им обезбеди на сите вработени јасен, сигурен и доверлив механизам за пријавување на инциденти и можни ризици поврзани со здравјето и безбедноста на работа, со цел навремено преземање на мерки и спречување на повреди или штети.

Имено, во 2025 година е регистрирана една повреда на работно место, без фатален исход. Иако апсолутниот број е низок, ова е важен сигнал дека безбедноста при работа треба постојано да биде високо на агендата.

Часовите на боледување поради повреда на работно место изнесуваат 720 943, додека активно одработените часови се стабилни на за цела 2025 година. Останатите часови на боледување значително се намалуваат во однос на 2024 година, што може да се смета како позитивен индикатор за општата работна динамика.

Бројот на извршени систематски прегледи се намалува од но ова е очекувана динамика зашто редовните систематски прегледи се обавуваат, кај поголемиот дел од работните позиции на 2 години.

**Инклузивност**

Инклузивноста претставува фундаментален принцип за создавање правична, стимулирачки и продуктивна работна средина. Таа ги опфаќа сите индивидуи, без разлика на нивниот пол, возраст и сл., и овозможува истите да се чувствуваат ценети и поддржани.

Имено, вкупниот број работници на неопределено време се намалува од 344 на 327, но и покрај ова намалување, родовата структура останува стабилна: мажите учествуваат со 64.2%, а жените со 35.8%. Горенаведеното покажува дека промената во вкупниот број вработени не довела до значајно нарушување на балансот меѓу вработените мажи и жени.

Кај извршните позиции се забележува позитивна промена во насока на поголема инклузивност. Бројот на жени на извршни позиции се зголемува од 3 на 6, а нивното учество расте од 27.0% на 46.2%. Ова е еден од најсилните позитивни социјални индикатори во доставените податоци.

Во Одборот на директори на друштвото состојбата е стабилна и непроменета, со 7 членови, од кои 2 се жени. Ова претставува стабилна основа, но истовремено остава простор за идни активности насочени кон поголема родова разновидност и на највисокото управувачко ниво.

*ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА*

Тутунски комбинат АД Прилеп и во текот на 2025г. продолжи со активности кои се однесуваат на унапредување и заштита на животната средина . Имено, Одборот на директори во текот на 2025г. донесе и усвои повеќе акти од областа на заштита на животната средина и здравјето на луѓето и тоа:

**1.Политика на Тутунски Комбинат АД Прилеп (ТКП) за безбедност на производите,**

Цел на оваа политика е целокупниот ориентален тутун, односно готовата мешавина, да се испорачува во рамки на дозволените параметри, целосно усогласени со барањата на нашите купувачи.

**2.Политика на Тутунски Комбинат АД Прилеп (ТКП) за одговорно користење и испуштање на вода,**

Со оваа политка ја идентификуваме водата како ограничен и незаменлив ресурс, клучен за животот, одржливото земјоделство и индустриското производство. Нашата обврска е да ја заштитиме нејзината достапност, квалитет и нејзината функција во екосистемите преку одговорно управување со водните ресурси. Затоа ќе настојуваме да ја намалиме вкупната потрошувачка на вода за 3% до 2030 година во однос на 2019 година, и да обезбедиме дека 100% од испуштената вода од индустриските погони ќе безбедна.)

**3.Политика на Тутунски Комбинат АД Прилеп (ТКП) за енергетска ефикасност и редукција на јаглероден отпечаток,**

Нема поголем предизвик за нашата заедничка иднина од климатските промени. Во Тутунски Комбинат АД Прилеп (ТКП) препознаваме дека индустријата мора да предводи во обезбедувањето значајни, научно поткрепени решенија.

Затоа ќе настојуваме до 2035 да постигнеме редукција на директните емисии (SCOP 1) за 60% во однос на 2019 година како и јаглеродна неутралност на нашите директни операции (SCOP 1 и SCOP 2) до 2040 година, како и да го намалиме вкупниот интензитет на стакленички гасови ($tCO_2e$ на еден милион денари приход од производствени активности) за 15% во однос на 2019 година до 2040. Овие среднорочни цели ќе нè водат и кон поширокета амбиција за нето-нулта емисија низ целиот синџир на вредност до 2050.

Инаку, во 2025 година вкупните Scope 1 емисии изнесуваат 738 274 kg CO2e. Тоа е приближно 16.6% под базната 2019 година, но 13.8% над нивото од 2024 година. Овој

резултат значи дека долгорочно е постигнато намалување, но краткорочно постои повторен раст на директните емисии кој се должи на подолгото работење на фабриката за цигари.

Scope 2 емисиите во 2025 година се намалени на 380 200 kg CO2e, што претставува подобрување и во однос на базната година и во однос на 2024 година. Намалувањето од 5.7% во однос на претходната година е позитивен сигнал и упатува на подобро управување со индиректните емисии поврзани со електричната енергија.

Комбинирано, Scope 1 и Scope 2 емисиите во 2025 година достигнуваат 1 118 474 kg CO2e. Ова ниво е 16.5% пониско од 2019 година, но 6.3% повисоко од 2024 година. Со други зборови, постои долгорочен напредок во однос на базната година, но и сигнал за раст на апсолутните емисии во тековниот период.

Особено важен е показателот за јаглероден интензитет. Во 2025 година тој изнесува 973.7 kg CO2e по милион денари приходи, наспроти 1 819.0 во 2024 година и 1 440.7 во базната година. Ова значи дека компанијата во 2025 година остварува значително подобра еколошка ефикасност во однос на создадената економска вредност.

Исто така фотоволтаичното производство во 2025 година достигнува 1 235 771 kWh, што претставува раст од 2.1% во однос на 2024 година. Од ова производство, 772 997 kWh се искористени за сопствени потреби, а 462 774 kWh се предадени во мрежа. Ова е јасен позитивен показател за вложување во обновливи извори и намалување на зависноста од надворешно снабдување.

Сепак, вкупната потрошувачка на електрична енергија расте на 2 921 017 kWh, а дополнително преземената електрична енергија од мрежа достигнува 2 148 020 kWh. Ова е директен резултат на подолгото работење на фабриката за цигари.

Во 2025 година 26.5% од вкупната потрошувачка на електрична енергија е покриена од сопствени обновливи извори. Во однос на 2024 година, процентот е благо понизок, но во апсолутен износ искористената обновлива енергија е повисока. Практично, ова значи дека релативниот пад е резултат на раст на вкупната потрошувачка, а не на намалување на капацитетот или искористувањето на фотоволтаиците.

Останатата потрошена енергија од метан, бензин и дизел изнесува 3 505 914.7 kW, а вкупната потрошена енергија достигнува 6 426 931.7 kW. И покрај тоа, енергетскиот интензитет значително се подобрува и паѓа на 5 595.0 kW/мил. денари во 2025 година. Оттука произлегува дека организацијата создава повеќе приход со релативно пониска енергетска потрошувачка по единица финансиски резултат.

Од аспект на еколошката димензија и заштита на животната средина, најважната порака е дека компанијата има подобрување во ефикасноста, но не смее да го занемари растот на апсолутните емисии и потрошувачка. Затоа следниот чекор е насочен кон мерки за намалување на Scope 1 емисиите, од кои како најдиректна е замената на греењето на метан со топлински пумпи, со што ќе има понатамошно зголемување на директното користење на сопствено произведената обновлива енергија како и оптимизација на потрошувачката на горива.

**4.Политика на Тутунски Комбинат АД Прилеп (ТКП) за поддршка на биодиверзитет,**

Во Тутунски Комбинат АД Прилеп (ТКП) препознаваме дека обезбедувањето на иднина на природата значи да ѝ обезбедиме иднина и на нашата компанија. Шумите, пасиштата и другите природни живеалишта создаваат живот, складираат јаглерод, прочистуваат вода и почви и се дом на илјадници видови од кои зависи и нашето снабдување со суровини. Деградацијата или загубата на овие екосистеми не ги погодува само заедниците што живеат од нив, туку и основните услуги без кои не може да опстане тутунопроизводството.

Затоа ќе настојуваме да го заштитиме и засилиме биодиверзитетот преку спречување на одговорно набавување земјоделски суровини. Нашата амбиција е да ја оставиме природата во подобра состојба отколку што ја затекнавме, градејќи отпорност и адаптација на нашите клучни региони за одржливо одгледување и производство.

**5.Политика на Тутунски Комбинат АД Прилеп (ТКП) за редукција на аерозагадување**

Здравиот воздух е темел за добросостојба на луѓето и за екосистемите. Во Тутунски Комбинат АД Прилеп (ТКП) препознаваме дека индустријата мора да предничи во намалувањето на штетните аеро загадувачи.

Затоа ќе настојуваме континуирано да ги намалуваме емисиите на азотни оксиди ($NO_x$), сулфурни оксиди ($SO_x$), волатилни органски соединенија (VOC), како и јаглеродни оксиди ($CO_x$) и PM честички од сите наши активности. Нашата крајна цел е целосна елиминација на $NO_x$, $SO_2$ и VOC од стационарни извори односно согорување на метан, до 2030 година.

По однос на заштитата на животната средина и законските прописи во Тутунски комбинат АД Прилеп во текот на 2025г. стручно лице од областа на животната средина изготви елаборати за животната средина за две локации Погон Тутун и Погон Цигари каде се обавуваат основните дејности на друштвото и тоа откуп и преработка на сиров тутун и производство на цигари .

Тутунски Комбинат АД Прилеп се стреми кон остварување на целите кои што произлегуваат од законските обврски, а согласно Програма за управување со отпад 2024-2026г. преку овластено лице за управување со отпад,, како општествено одговорна компанија Тутунски Комбинат АД Прилеп настојува да ги реализира планираните активности во насока на:

- Избегнување и во најголема можна мера намалување на количеството на создадениот отпад;
- Искористување на употребливите состојки на отпадот;
- Одржлив развој, преку зачувување и заштеда на природните ресурси;
- Спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- Отстранување на отпадот на начин што е прифатлив за животната средина и
- Висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Отпадот во нашата компанија произлегува од сите неопходни активности за извршување на производниот процес кој настанува во две инсталации: Тутунски Комбинат АД Прилеп -Погон Тутун и Погон Цигари.

Програмата за управување со отпад која е алатка за реализација на Планот за управување со отпадот, на годишно ниво, претставува основен документ за планирање на сите активности во текот на планираната календарска година. Цел на програмата за управување со отпадот е исполнување на законската обврска, декларацијата за животна средина, исполнување на доброволни договори – според Законот за пакување и отпад од пакување и сл.

Исто така друштвото има и склучено договори за преземање и откуп на отпадни материјали (комунален отпад, индустриски отпад, метален отпад, хартија и картон, отпадни масла и др.) со овластени откупувачи на откуп на отпадни материјали за нивно соодветно одлагање и отстранување.

Прилог:

- Биланс на Успех за периодот од 01.01.2025-31.12.2025 година;
- Биланс на состојба на 01.01.2025-31.12.2025 година;
- Извештај за паричен тек 01.01.2025-31.12.2025 година;
- Извештај за промените во капиталот 01.01.2025-31.12.2025 година;

Александар Алексовски – Генерален извршен директор

____________________

Зоран Петрески-Извршен член

____________________

Афродита Настеска- Извршен член

____________________

"Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7

**Прилеп, 17.04.2026 година**

Доставено до:

- Генерален извршен директор
- Претседател на Одбор на директори
- Собрание на акционери на ТКП
- Финансов сектор
- Правен референт
- Архива

**ИЗЈАВА**

**за усогласеност со Кодексот за корпоративно управување**

Ние долупотпишаните извршни членови на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп, изјавуваме дека друштвото Тутунски комбинат АД Прилеп во своето работење го применува Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва на Македонска берза АД Скопје, објавен на интернет страната на Берзата www.mse.mk

Друштвото Тутунски комбинат АД Прилеп ги применува принципите и најдобрите практики на корпоративното управување предвидени во Кодексот според пристапот "примени или појасни зошто не си применил", преку пополнување на прашалници чија форма и содржина е пропишана со Кодексот.

Со оваа Изјава потврдуваме дека прашалниците се објавени на интернет страницата СЕИ-НЕТ и на интернет страницата на друштвото Тутунски комбинат АД Прилеп и дека одговорите во истите се точни и вистинити и веродостојно ја отсликуваат примената на принципите и најдобрите практики на корпоративното управување од страна на друштвото Тутунски комбинат АД Прилеп пропишани со Кодексот за корпоративно управување.

**Тутунски комбинат АД Прилеп**
**Одбор на директори**

**Извршен член**
**Александар Алексовски**

-----------------------------------------

**Извршен член**
**Зоран Петрески**

-----------------------------------------

„Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7

**Извршен член**
**Афродита Настеска**

-----------------------------------------